

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„ ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“ - СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

ПСИХОЛОГИЈА ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

ЈАДРАНКА ЕФТИМОВСКА

ДИСФУНКЦИОНАЛНОТО СЕМЕЈСТВО КАКО ПРЕДИКТОР ЗА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕЦАТА И НИВНАТА ВКЛУЧЕНОСТ ВО ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Свети Николе, 2021 год.

Комисија за оценка и одбрана

Ментор

Доц. Д-р Слаѓана Анѓелкоска

Меѓународен Славјански Универзитет „Г.Р.Державин“ - Свети Николе

„Кога родителите им дозволуваат на своите деца да прават што сакаат, кога децата не водат сметка за тоа што зборуваат, кога учителите стравуваат од своите ученици и заради тоа им попуштаат, кога младите не признаваат никаков авторитет, тогаш на целата убавина на младоста е крај. Тоа е почеток на насилството.“

- Платон 400 год. п.н.е.

Содржина

Апстракт....1
ВОВЕД....3
1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО....6
1.1 Терминолошко определување на поимот семејство....6
1.2 Еволуција на семејството....8
1.3 Видови семејства....10
1.3.1 Патријархално семејство....10
1.3.2 Современо семејство....12
1.4 Современа определба на семејството....14
1.5 Функции на семејството....15
1.5.1 Сексуална и репродуктивна функција на семејството....18
1.5.2 Социјализаторска (воспитно-образовна) функција....19
1.5.3 Економска функција....24
1.6 Односите во семејството и улогата на родителите во воспитување на децата....25
1.7 Односот меѓу родителите и влијанието на децата....28
1.8 Комуникација во семејството....30
1.9 Интеракција родител - дете....31
1.10 Воспитни стилови на родителство....32
1.10.1 Авторитарни или престроги родители....33
1.10.2 Пермисивни или попустливи родители....35
1.10.3 Индиферентни родители....35
1.10.4 Авторитативни родители....36
1.10.5 Преамбициозни родители....37
1.10.6 Презагрижени родители....38
1.10.7 Презафатени родители....39
1.11 Функционално и дисфункционално семејство....40
1.12 Видови дисфункционални семејства....46
1.13 Насилство во семејството....48
1.14 Насилство над децата - поим и облици....49
1.15 Врсничко насилство како реакција на дисфункционалното семејство и семејното насилство....55
1.16 Превентивни мерки....59
1.16.1 Здраво и безбедно опкружување....59
1.16.2 Здружување на родителите во борба против врсничкото насилство....60
2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....61
2.1 Методи и техники на истражувањето....61
2.2 Предмет, значење, цели и задачи на истражувањето....62
2.3 Хипотези....64
2.4 Варијабли на истражувањето....65
3. РЕЗУЛТАТИ....66
3.1 Дескриптивна статистика....67
3.2 Анализа....71
4. ДИСКУСИЈА....74

ЗАКЛУЧОК.....78
ПРЕПОРАКИ.....79
Литература.....80

Апстракт

Целта на овој магистерски труд е да се истражи влијанието на семејната средина како фактор за појава на врсничко насилство, да се идентификува влијанието на дисфункционалното семејство врз социо-емоционалниот развој на децата во училишна возраст и да се истражи влијанието на полот и возраста врз појавата на врсничкото насилство.

За целите на оваа студија, беше спроведено истражување на машки и женски испитаници меѓу 10 и 15 години во основните училишта во Делчево, РСМ. Предметите на истражувањето беа, да се испита влијанието на деструктивниот однос на родителите врз однесувањето на децата кои доаѓаат од дисфункционални семејства, да се направи споредба во однесувањето на децата кои доаѓаат од функционални семејства и деца кои доаѓаат од дисфункционални семејства, да се испита влијанието на полот и возраста на учесниците вршители на насилство и да се испита влијанието на полот и возраста на жртвите на насилство.

Од резултатите од ова истражување, главната хипотеза беше потврдена - присутна е значајна поврзаност помеѓу дисфункционалното семејство и агресивното однесување на децата во однос на полот и возраста на децата.

Истражувањето покажа дека децата од машки пол обично се вклучуваат почесто во некаков тип на врсничко насилство и дека тоа е позастапено кај децата со поголема возраст. Понатаму, резултатите покажаа дека децата од дисфункционални семејства се однесуваат поагресивно во однос на децата од функционални семејства, но и дека децата од дисфункционални семејства се почесто се жртви на агресивно однесување. Студијата укажа дека децата од женски пол се почесто се жртви на насилство, во однос на децата од машки пол.

Abstract

The main purposes of this thesis are to investigate the influence of the family environment as a factor for the occurrence of peer violence, to identify the impact of dysfunctional families on the social and emotional development of school-age children and to investigate the impact of gender and age on the occurrence of peer violence.

For the purposes of this study, a survey of male and female respondents between 10 and 15 years of age was conducted in the primary schools of Delchevo, RSM. The aims of the research were to examine the impact of the destructive attitude of parents on the behavior of children who come from dysfunctional families, to compare the behavior of children who come from functional families and children who come from dysfunctional families, to examine the impact of gender and age as factors for aggressive behavior and to examine the impact of gender and age when being a victim.

From the study, the main hypothesis was confirmed - there is a significant correlation between the dysfunctional family and the aggressive behavior of children in relation to gender and age. The research showed that male children are more likely to engage in some type of peer violence and that bullying is more common among older children. Furthermore, it was found that children from dysfunctional families behave more aggressively than children from functional families, and also that children from dysfunctional families fall in the victim category more often. The study found that female children were more likely to be bullied than male children.

Клучни зборови: семејство, дисфункционално семејство, родители, деца, агресија, врсничко насилство

ВОВЕД

Најчувствителната, најподложната на негативни влијанија, категорија на луѓе, а која можеме да ја категоризираме како луѓе со недоволно изградена личност се малолетниците, односно децата. Нивното ментално здравје е многу чувствително и подложно е на секаков вид негативни влијанија, на сила, закана, злоупотреба и заплашување или агресивно и деликвентно однесување. Малолетникот е личност во посебна возрасна категорија и со посебни био-психички особини. Од возрасните се разликува по степенот на емоционалната и интелектуалната зрелост, по свесноста за постапките и одговорноста за своето однесување.

Созревањето на личноста, нејзиното оформување, односно растењето е доста комплексен процес. Младоста е период од животот во кој поединецот се соочува со различни проблеми и задачи кои пред него се поставуваат. Тоа воедно е и најинтезивниот когнитивен, емотивен и конативен период, кој е обележан со стекнување на знаења, навики, судови, вредности и ставови.

Едно од најголемите барања е изградбата на сопствениот идентитет и потрага по одговорите на безброј прашања. Кај младите се јавува потреба од дружење и вклучување во општествениот живот на поширокатa заедница низ припаѓање на одредени групи на врсници и друштва. Доколку поединецот се вклучи во одредено друштво, кое гради, негува и промовира одредени позитивни вредности и цели, притоа почитувајќи ги нормите и барањата на поширокатa заедница, тогаш можеме да зборуваме за задоволувачко однесување. Меѓутоа, во некои помалку контролирани услови, младите се здружуваат и идентификуваат со девијантни групи, каде преовладува насилство, зависност, различни казниви дела и се тоа како составен дел на ритуалот на групата. Таквото вклучување, резултира со појава на девијантно однесување, кое често прераснува во вршење на делинквентни и казниви дела и станува закана за поширокатa општествена заедница. Младата личност во фазата кога е се уште недоволно изградена станува

чувствителна и разните влијанија можат да го насочат нејзиниот развој и однесување кон асоцијално и антисоцијално однесување.

„Bullying" или врсничкото насилство всушност ги претставува сите тие однесувања, вклопени во една заедничка целина. Социјалниот , воспитниот и едукативниот живот на децата не може да се одделат еден од друг, без разлика дали тие имаат пријатели, дали се прифатени од своите врсници, или се жртви на агресија.

Насилното однесување е несакано, агресивно однесување кое се почесто се манифестира и кај децата на училишна возраст. Во основа претставува физичка и вербална агресија, која се повторува или има потенцијал да се повтори со текот на времето. Доколку, подетално се задржиме на однесувањето на децата, ќе видиме дека и децата кои се малтретирани и децата кои малтретираат, може да имаат сериозни и трајни последици.

Врсничкото насилство може да се појави во различни облици:

- Вербално насилство - тоа е секој вид исмејување (било поради физичкиот изглед, поради социјални разлики, поради успех во училиште), потоа повикување со погрдни имиња, навредување, заканување.
- Психичко насилство - закана со поглед, гримаси, несакани коментари, изнудување и давање пари, уценување.
- Физичко насилство - секаков вид удирање, туркање, земање и уништување лични предмети.
- Социјално насилство - лажење, ширење гласини, лоши шеги, исмејување во јавност.
- Сајбер насилство - во поново време, со развојот на технологијата и компјутерите, преку користење на интернет технологија, на социјалните мрежи е доста застапено праќањето заканувачки пораки, постирање слики, видео клипови или коментари, без дозвола на сопственикот.

Барајќи одговори на прашањата, кои се причините за ваквото однесување, од каде толку злоба во толку мали личности, треба да ги прашаме самите насилници. Но прашање е колку можат и самите тие да одговорат.

Според досегашните истражувања, најчесто како причина се јавува љубомората, потребата од внимание, лутина, желбата за контрола или моќ над другите. Сепак, доколку сакаме да спречиме барем дел од овие однесувања и да им помогнеме на децата кои доживеале врсничко насилство, мора да укажеме на некои од знаците на претерано насилство, а тие се: депресија, осаменост или анксиозност; ниска самодоверба, главоболка , стомачни болки, замор или губење апетит; намален успех во училиште; бегство од дома или нанесување штета на себе; необјаснети повреди; изгубена или уништена облека, книги, електроника или накит; тешкотии со спиење или чести кошмари; ненадејна загуба на пријатели или избегнување на социјални ситуации.

Важно е да се земе во предвид, дека и децата кои вршат насилство се ризична група на која и треба помош. Често се случува и децата кои претрпеле насилство, по некое време да почнат и тие да вршат насилство. (McAdams & Foster, 2007)

Најважната општествена заедница, која најмногу влијае на воспитувањето на децата е семејството. Доколку во семејството постои позитивната семејна атмосфера, тоа семејство создава деца кои се психофизички здрави, добро воспитани, ненасилни, неагресивни, социјализирани и се однесуваат во склад со општествените норми. Додека пак, дисфункционалното семејство, неговите внатрешни некохерентни односи, негативно влијаат на воспитувањето на детето и формирањето на здрв раст и развој на детето.

Потрбно е да се развие свесноста кај родителите, наставниците, професорите, воспитувачите, стручните лица, за преголемата раширеност на врсничкото насилство меѓу децата, а со тоа да овозможат нивна заштита, да спречат повторно насилство, да обезбедат

здраво и безбедно опкружување, со тоа ќе ги спречат и негативните последици врз децата од насилството, кои понатаму може да влијае на целокупниот живот на детето.

1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО

Овој магистерски труд би сакала да го насочам кон одредени целни групи, наставници, родители, педагози, психолози, социјални работници, ученици, кон нивно освестување за постоењето на врсничкото насилство како социјален проблем,негово препознавање и превземање соодветни мерки за негово спречување.

1.1 Терминолошко определување на поимот семејство

„Семејството не е дефинирано само по презимето или крвта,тоа е дефинирано според посветеноста и љубовта. Ова значи да бидете таму кога сте потребни најмногу. Ова значи да се грижите еден за друг. Ова значи да се сакате едни со други, дури и во оние денови кога не можете да се поднесете. Ова значи никогаш да не се откажете едни од други.“

- Дејв Вилис

Самиот збор „семејство“ потекнува од зборот семе и во секојдневниот говор со зборот „семејство“ означуваме заедница од родители и деца. Крајната цел на таквата заедница е одгледување на своите потомци. Самата детерминација на оваа дефиниција означува дека предуслов за формирање семејство е имање потомство. Меѓутоа не можат сите теоретичари да се сложат со една единствена дефиниција за семејството. Ниту во интердисциплинарните науки и научни дисциплини, чиј предмет на изучување е семејството, како што се семејна педагогија,

семејна психологија, филозофија и социологија, не може да се сретне единствена дефиниција за поимот ,,семејство“.

Како што се развивало општеството, различни мислители, теоретичари, го проучувале семејството како општествена група, имале различно мислење за него и правеле секакви обиди за дефинирање на истото. Тоа е толку старо, што уште старите филозофи и мислители како Аристотел, верувале дека тоа претставува праклетка на целокупната општествена организација. Други пак мислеле дека сите претходни ,,семејни“ облици претставуваат некој вид на ,,прасемејно битисување“.

Социјалните дарвинисти ја применувале Дарвиновата теорија за биолошката еволуција во својата теорија на еволуција на семејните системи. Американскиот антрополог Луис Морган ја развива развива теоријата за трите фази на човековиот напредок - од дивјаштво, преку варварство до цивилизација.

Енгелс ја проширува хипотезата на Морган, според која економските фактори ја предизвикале трансформацијата на примитивната заедница во општеството, одделено според класи. Енгелсовата теорија за контрола на ресурси и теоријата на Карл Маркс, подоцна биле искористени за објаснување на причината и последицата на промената на семејната структура и функција.

Карактеристични за нуклеарното семејство во индустриското општество се теориите на Зин и Ејтзен, каде семејните структури од минатото ги гледаат како супериорни во однос на денешните, а семејствата како посреќни и постабилни, во времето кога не морале да се соочуваат со разводи и вонбрачни деца. Тоа не значи дека и во минатото не постоело напуштање на брачните другари и вонбрачни деца.

Во постмодерното семејство, карактеристично за западниот свет, браковите повеќе не се ангажирани за економски, социјални или политички цели, а од децата не се очекува да

придонесуваат во семејниот приход. Луѓето избираат партнери врз основа на љубов. Тоа укажува на јакнење на улогата на љубовта, фаворизирање на емоционалната исполнетост и односите во семејството, што пак ја слабее институцијата на семејството.

Моделот на семеен триаголник маж – жена - деца, изолирани од надворешниот свет, се нарекува „Едипов модел на семејство“ и е форма на патријархално семејство. Многу филозофи и психијатри тврдат дека во таквото семејство, младите се развиваат во изопачен однос, при кој тие учат да го сакаат истото лице што ги удира и угнетува, при тоа и ментално се малтретирани. Веруваат дека овие деца не се одгледуваат на начин што ќе ги направи емоционално приврзани со останатите. Според овие филозофи семејството претставува прва ќелија во фашистичкото општество, бидејќи децата ќе го носат овој однос на љубов за угнетувачки личности во нивните возрасни животи.

Одредени социјални научници се залагаат за укинување на семејството. Противник на семејството бил Сократ, а неговите ставови ги навел Платон во „Книга 5“ од „Републиката“. Сократ им кажува на своите соговорници дека праведен град е оној во кој граѓаните немаат семејни врски.

1.2 Еволуција на семејството

Основната клетка на едно општество е семејството. Тоа е доста сложен феномен, чии почетоци доколку сакаме да истражуваме, треба да ги бараме уште во формирањето на првите племенски заедници. Во тие први племенски групации, половите односи не биле регулирани, а сродството ги утврдувало семејните односи. Со развојот на човечкото општество, доаѓа и до забрана на половите односи помеѓу предци и потомци, па така и структурата на семејството се

менува. Групниот брак се заменува со моногамен брак, а тоа значи брак помеѓу еден маж и една жена.

Првата историски позната типологија на семејството е поврзана со типологијата на американскиот антрополог Луис Морган, која е дел од Енгелсовиот труд „Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата“. Според Морган, историската поделба на семејството е крвно - сродничко семејство, семејство пуналуа, синдијазмичко семејство, патријархално и моногамно семејство. Со развојот на индустријата и цивилизацијата, семејството добива нова поделба и тоа прединдустриско, индустриско и постиндустриско семејство. Некои други автори пак, поделбата на семејството ја вршат според внатрешните семејни односи, па така семејството е поделено на патријархално, авторитативно и егаметарно. А. Милич во делото „Историја породице: изазови и социологија“, семејството го дели на предмодерно, модерно, и постмодерно семејство.

Без разлика на поделбата, може да се забележи дека скоро во текот на целиот историски развој на семејството, мажот е тој што го претставува семејството и има поголеми права од жената и децата, кои пак биле негова сопственост. Тој авторитаризам траел се до шеесетите години од минатиот век, кога доаѓа до потполна промена на односите во семејството, кога започнува и развојот на современото, модерно општество. Жените почнуваат да се вработуваат, се осамостојуваат, не зависат од мажите. Со тоа нивно осамостојување, покрај позитивните карактери , модернизмот носи и негативни карактеристики: се намалува бројот на раѓања, се појавуваат вонбрачни заедници, голем број разводи, помала посветеност на децата, деградирање на членовите во семејството, дезорганизација на семејството, како и намалување на поверението помеѓу членовите.

Појавата на алкохолизам и наркоманија во семејството, насилството помеѓу брачните другари и насилството врз децата, најголемо негативно влијание имаат врз личноста на детето и неговиот понатамошен раст и развој.

1.3 Видови семејства

Без разлика, по кои критериуми се врши поделбата на семејството, сите имаат некои заеднички крактеристики, па може да се направи една основна поделба на семејството на два сосема дијаметрално спротивни облици на дејствување на луѓето и тоа патријархално - авторитативно семејство и современо - демократско семејство.

1.3.1 Патријархално семејство

Патријархалното семејство, уште се нарекува и авторитативно семејство, претставува она семејство, во кое постои нерамноправност помеѓу неговите членови. Тоа значи, кога имаме повеќе генерациско семејство, сите важни одлуки во семејството ги донесуваат најстарите мажи. Доколку семејството го сочинуваат само родителите и децата, тие одлуки ги донесува мажот, односно мажот е доминантниот член во семејството. Тој сам донесува одлуки и настојува да обезбеди покорност и послушност од сите членови во семејството. Жената и децата всушност се негова сопственост и тој располага со нив, како што тој сака. Па така, наместо својот авторитет да го гради на хуманост и љубов кон жената и децата, тој ја наметнува својата личност со закани и сила. Во таквите патријархално-авторитативни семејства (што и денес постојат на некои места), многу тешко се формираат луѓе со демократски ставови, кои своите проблеми ќе ги решаваат со разговор и договор.

Во патријархалното семејство најголем проблем претставува подредената улога на жената и децата, а тие мислат дека таа подреденост е нормална. Сметаат дека нормално е да имаат помала биолошка, психичка и општествена вредност, а и сосема нормално е за сите важни прашања во семејството, да одлучува мажот. Наметнувајќи го својот авторитаризам, мажот ги отфрла нежноста, чувствата, емоциите и топлината кон жената и децата и смета дека грубоста е одлик на мажот. Жената мора да се покорува и нема право да бара развод. Таа е домаќинка, се грижи за куќата и децата и не смее да работи никаде на друго место.

Ваквите семејства се од затворен тип и не се дружат, изолирани се од јавноста, без никаков контакт со надворешната средина и во нив се спроведува авторитативен стил на воспитување на децата. Децата се потполно потчинети на таткото, немаат никакви права, па кога ќе пораснат ќе спроведуваат исти стил на дисциплина и покорност врз нивните семејства. Тие се принудени да размислуваат и да се однесуваат во склад со нормите на таткото. Доколку некое дете покаже непослушност и непочитување, во тој случај биле строго казнувани, па и физичкото казнување не било реткост.

Таквото воспитување на децата доведува до претеран страв, крутост и агресивност, а во краен случај и деликвентно однесување. Во тие семејства родителите, посебно таткото, не е во состојба да го воочи ризикот од таквото однесување кај децата, па како резултат на тоа настануваат тешки психички пореметувања во однесувањето, како антисоцијално и деликвентно однесување.

Со развојот на општеството, развојот на технологијата и воопшто цивилизацијата, патријархалните семејства постепено ја губи својата моќ и на нивно место доаѓаат современо-демократските типови на семејства. Патријархалните семејства може да се сретнат пред сè во некои мали населби.

1.3.2 Современо семејство

Современното семејство, уште е наречено и демократско семејство, каде за разлика од патријархалното семејство, сите членови, без разлика на полот и возраста имаат рамноправна положба. Членовите се рамноправни, а разбирањето и емпатијата се нивните главни карактеристики.

Современото семејство има развиено современи научни погледи кон светот, отворено е кон општеството, неговите членови ги прилагодуваат своите потреби и интереси спрема интересите на заедницата и општествениот живот. Брачните заедници се засноваат на взаемна љубов, взаемно почитување и разбирање, како и заедничко воспитување на децата и остварување на заедничките цели.

Во една ваква демократска заедница, жената не претставува повеќе сопственост на мажот, туку таа е слободна, рамноправна со сите членови во семејството, рамноправно учествува во решавањето на семејните проблеми и донесувањето важни одлуки за семејството. Таа за мажот претставува сопруга, брачен другар и пријател, што не е случај кај патријархалните семејства.

Родителите се трудат да ги воспитаат своите деца најубаво што можат и умеат. Тие ја почитуваат личноста на детето, се трудат на најдобар можен начин да му помогнат на своето дете во развојот и оформувањето на неговиот карактер во формирање на зрела личност.

За разлика од патријархалното семејство, овој тип на семејство се карактеризира со взаемна љубов, меѓусебно почитување и разбирање, како помеѓу родителите, така и помеѓу родителите и децата. Ваквиот усогласен однос помеѓу мајката и таткото кон децата, нивните заеднички напори и знаења, влијаат позитивно врз формирањето на психофизичкиот развој на детето и развивањето на неговите позитивни карактеристики.

Родителите ги почитуваат потребите и интересите на детето, настојуваат во потполност да го запознаат своето дете, како би биле во можност да му помогнат во решавањето на неговите проблеми. Кон детето се однесуваат најприродно, другарски, со што остваруваат непосредна и директна комуникација. Со таквиот другарски начин на комуникација, ги решаваат сите проблеми, исклучувајќи конфликтност и насилство, при тоа не наметнувајќи строга дисциплина, туку им остават простор сами да си ги поправат грешките и да размислат за своите постапки. Од тие причини децата во родителите стекнуваат поверение, гледаат нивни другари, пријатели, не колебајќи се да побараат совет и помош кога им е потребно.

Демократското однесување на родителите понатаму претставува модел за однесувањето на нивните деца, кон кој модел тие настојуваат да ги приближат своите ставови, однесувања, па дури и да се поистоветуваат со нивните родители. Затоа е многу важно да постои меѓусебно почитување, разбирање, взаемна помош и љубов помеѓу брачните парови и родителите и децата, како важен пример за младите личности, а сето тоа е карактеристично за повеќето современи семејства. (Бабиќ, Чикеш & Бушко, 2015)

Мора да забележиме дека и современите семејства, кои на прв поглед изгледаат идеални, имаат свои проблеми (сиромаштија, зголемен обем на работа, немање време за внимание на своите деца, насилство), како и тоа дека и нивните деца имаат свои проблеми во однесувањето и покрај правилниот однос на родителите кон нив, посебно во школска возраст. Но, секако тоа се помал број случаеви и проблемите полесно се решаваат, отколку во патријархалните, односно авторитативни семејства, каде децата се одгледувани под посебни правила, строга дисциплина и насилство.

1.4 Современа определба на семејството

Семејството се смета за општествена заедница, па како таква е предност на изучување на социолозите и нивните социолошки теории. Тие настојуваат да одговорат на прашањето за потеклото на современиот облик на семејството, како и за заедничките елементи на различните облици на семејниот живот.

Во суштина, теорискиот пристап на семејството може да се класифицира во три типа:

1) Историско - институционален
2) Структурално - функционален
3) Интеракциско - симболичен пристап

Социолозите како што се Bachofen, Morgan, Tylor, Malinowski, Vinch, Engels, Parsons и други, семејството го определуваат дескриптивно, а повеќето од нив се стремат да ја определат суштината за постоење и формирање на неговата личност.

Меѓутоа „...семејството е и сексуална заедница во која се формира и крвна врска помеѓу родителите и децата, па така семејството истовремено задоволува и биолошка и општествена репродукција.“ (Golubovik, 1981)

Психолошките теории за семејството,пак се развивале преку психолошката до системската теорија. Како што психолошките и социолошките теории се комплементарни, така психоаналитичката и системската теорија се комплементарни. Секоја теорија е засебна, ама стојат една покрај друга и се дополнуваат. Тоа им овозможува подобро разбирање за начинот на семејното функционирање како био-психо-социјалална заедница.

Sigmund Freud (1966) и неговите следбеници го набљудуваат семејството преку интернационализација на несвесното во личноста. Развивајќи ја теоријата за либидото, Freud го

нагласува партнерскиот однос како уште еден обид за реализација на нагонските и фрустрирани емоционални потреби.

J. Bowlby (1968) укажува на детската приврзаност за мајката, како критично животно искуство. Доколку искуството на приврзаност на детето со мајката, не обезбеди „доволно добро мајчинство, развојот на личноста во целина, а посебно афективниот систем, ќе биде нарушен“.

Психоаналитичката теорија го негува линеарниот модел на враќање на семејството во минатото, на ниво на несвесноста, кое ги детерминира семејните односи од изборот на партнер до актуелните семејни конфликти. Членовите на семејството се доживуваат како трансферни фигури, секоја со долг историски развој. Додека аналитички ориентираните теоретичари зборуваат за несвесните процеси во семејството и нагонската детерминираност на партнерите, системските теоретичари зборуваат за современиот јазик на кибернетиката. Погледот и враќање во минатото на индивидуата и воопшто на семејството, преку трансгенерациска анализа, можат многу да помогнат во согледување и разбирање на семејството „овде и сега“.

Многубројните трудови на динамички ориентираните терапевти, меѓу кои и во семејните односи, инцесот и епидална ситуација имаат многу важно место, со помош на систематскиот пристап се осветлуваат на еден нов начин, кој е корисен не само во поблагите семејни пореметувања, туку е и многу ефикасен во терапевтските процеси.

1.5 Функции на семејството

Животот на луѓето во семејството се одвива во општествени заедници. За да можат воопшто да функционираат се поврзуваат во разни групи, а сите тие групи пак понатаму се поврзуваат во една голема и релативно самодоволна група - општество. Најважната и основна општествена група е семејството, кое настанува со склучување на брак помеѓу маж и жена и во кој се раѓаат деца. Во семејството се воспоставуваат трајни, емотивно блиски, солидни и

сестрани врски помеѓу членовите од семејството. Човекот во семејството се раѓа, расте, живее и умира. Ние семејството не го бираме, едноставно се раѓаме природно во него.

Во најширока смисла, семејството се одредува како нераздвоена целина од личноста, поврзани преку брак или посвојување. Значи, припадноста во семејството може да биде преку раѓање во брак или со посвојување.

Исто така, семјството претставува и родбинска врска помеѓу луѓето кои живеат под ист покрив. Во најтесна смисла семејството е заедница на татко, мајка и деца. Без разлика како е дефиниран поимот семејство, дали се става акцент на половата и брачна врска помеѓу сопружниците, крвното сродство или економската стабилност, семејството секогаш било и ќе биде основата за формирање на личноста на човекот.

Социјализацијата е најбитната функција на семејството во секое општество. Примарната социјализација на личноста се одвива во семејството, од самото детство и има клучна улога во усвојување на културните вредности.

T. Parsons смета дека ,,семејството е своевидна фабрика, која произведува човечки личности “, бидејќи примарната социјализација во која се формира личноста, бара контекст кој пружа топлина , сигурност и взаемна подршка, а тој контекст, не може да го пружи ниедна друга општествена заедница, освен семејството.

Во семејството се одвива воспитувањето, се усвојуваат одредени модели на однесување, а човекот во него стекнува слика за животот и животното опкружување (формира ставови, усвојува критериуми и вредности).Од животот во семејството и семејната атмосфера, во голема мера зависи однесувањето и самодовербата на човекот. Поради тие причини, многу е важно луѓето да живеат и растат во складно и урамнотежено семејство, во кое има многу љубов, доверба, почитување, толеранција и преовладуваат пријателските и другарски односи меѓу неговите членови.

Семејството, во кое ваквите односи се нарушени, може многу негативно да влијае на неговите членови, а најмногу на децата и може да доведе до агресија, агресивно однесување, деликвентно однесување и во крајна мера, да доведе до противправни дела, казниви со закон.

Семејството, покрај социјализаторската функција има и други функции:

1) Репродуктивна функција
2) Воспитна функција
3) Економска функција

Репродуктивната функција секогаш била и ќе биде, спој на сексуалната и репродуктивната функција. Од репродуктивната функција, треба да се разликува биолошко - сексуалната функција, чија основна цел е задоволување на сексуалниот нагон, а не раѓањето деца и продолжување на родот.

Воспитната функција, обезбедува социјализација на децата и нивното вклопување во општествената средина, кои мора да бидат основна и најважна задача на родителите. Само во смејство со позитивна семејна атмосфера е возможно остварување на оваа функција. Оваа функција најмногу се огледува во изреката ,,Родителите се огледало за нивните деца“. Тие треба да ги насочуваат кон усвојување на позитивни норми во однесувањето и да ги потикнуваат на самостојно и критичко мислење.И покрај многу бројните воспитни институции за деца, тоа што се стекне во семејството и се научи од родителите, е основа на сè останато.

Економската функција на семејството, пак е нужност на секое семејство, да обезбеди економска стабилност и егзистенција на сите негови членови, Во минатото , тоа било обврска на највозрасниот маж во семејството, додека денес тоа е променето и секој возрасен, полнолетен член работи и заработува. Со тоа допринесува во семејството, онолку колку што му се неговите можности, задоволувајќи ги економските потреби.

1.5.1 Сексуална и репродуктивна функција на семејството

Кога станува збор за сексуалната и репродуктивна функција на семејството, Haralambos и Holborn поставиле правила и норми во однесувањето на брачнигте партнери, со кои се ограничува или воопшто забранува сексуална активност на брачните партнери, надвор од брачната заедница.Овие правила важат во повеќето општества. Исто така, сексуалната функција се брани со тврдењето дека истата не само што го зацврстува семејството како заедница, туку и придонесува за стабилизација на општествената заедница бидејќи „ограничувачките правила го спречуваат можното разорно делување на општествениот поредок во случајот кога половиот нагон би бил сосема слободен.“ (Haralambos & Holborn, 2002).

Во современото демократско семејство репродуктивната функција, како фактор за продолжување на човековиот вид, се одвојува од сексуалната функција, чија цел, е задоволување на најинтимните желби меѓу сопружниците. Оваа функција, според многу автори, претставува најважна сфера во животот на жените и мажите. Половата активност пред брак, повеќе не претставува табу-тема и сè почесто има и деца кои се родени надвор од брачна заедница, како и бракови и вонбрачни заедници засновани на раѓањето на децата зачнати во текот на вонбрачните односи.

Кога се зборува за сексуалната функција, се мисли на сексуални односи помеѓу маж и жена, а многу малку се зборува за сексуални односи во истополови бракови, како и за односи на мајката и нејзиниот привремен партнер, кој не е член на семејството, или таткото и неговата привремена партнерка која не е член на заедницата, но служи за задоволување на половиот нагон.

Голема е важноста на репродуктивната функција на семејството.Во него се раѓаат децата,кои понатаму го продолжуваат животот и го одржуваат човековиот вид. Без создавање

потомство, ќе се изгуби континуитетот на животната заедница. Во поново време, современото семејство се одликува со низок наталитет. Доколку дојде до нарушување на овие две функции, доаѓа до појава на дезинтеграција и дезорганизација на семејството.

Дезинтеграцијата на семејството означува расчленување, односно разделување на семејството на помал број членови. Под овој поим не се подразбира само намалување на семејството на биолошкиот збир - родители и деца, туку и понатамошно разделување на веќе смаленото семејство, на сè помал број членови , односно намалување на бројот на деца. сè поголем е бројот на родители со едно дете или со две деца.

Дезорганизацијата, односно кризата во семејството, исто така, придонесува кон слабеење на наталитетот, а под овој поим се подразбира „пореметување“ на современото семејство. Некои од причините за процесот на дезорганизација се порастот на стандардот, еманципацијата на жената, социјализација на капиталистичкото општество, сеопфатната улога на државата за заштита на поединецот, новиот карактер на современото семејство (фаза на преминување од патријархално во современо семејство).

1.5.2 Социјализаторска (воспитно-образовна) функција

Кога зборуваме за социјализаторската функција на семејството, некои автори ја потенцираат социјализацијата на децата во семејството, други пак ја потенцираат воспитната улога на семејството, трети алудираат на образовната функција , како во семејството ,така и надвор од семејството, но сепак сметам дека и социјализацијата и воспитанието, па и вонинституционалното образование , започнува токму во семејството. Според Parsons постои примарна и секударна социјализација. Под примарна социјализација ја подразбира онаа која се одвива внатре во семејната заедница во текот на раниот развој на децата, додека секундарната се одвива надвор од семејството под влијание на средината, врсниците, училишни другари,

пријателите, како и на некои групи на кои личноста сака да припаѓа во понатамошниот развој. Parsons вели дека примарната социјализација се одвива преку два процеси и тоа:

-интернализација на културата на општеството во кое што единката живее и се развива и

-структурирање на личноста.

Што се однесува на усвојувањето на културните вредности на општеството, во кое личноста живее, тоа значи усвојување на факти и генерализации до кои општеството дошло, како и развој на вродените способности, усвојување на општествено-културните норми и правила неопходни за функционирање на човечкото суштество во една општествено-културна заедница. Критичарите на Parsons тврдат, дека тој не само што го идеализира семејството, каде тој, како репрезентативен пример го зема американското семејство од средната класа и не дава можност за разгледување на алтернативното семејство, туку и „се занемарува двонасочниот интеракциски процес кој се одвива меѓу родителите и децата“ (Haralambos & Holborn, 2002). Притоа, семејството е одвоено од другите општествени институции и е изолирано од општествената средина.

Може да се каже дека критиките држат место, но факт е дека темелот на семејната функција е токму тој социјализаторско-воспитно-образовен процес кој започнува во семејството како најмала примарна единица на општеството. Семејството е примарно училиште, кое не е организирано и интенциски. Тоа училиште не го планираме, не го градиме намерно, тоа спонтано се создава, во кое се раѓаат деца и живеат во интимна емотивна врска меѓу мажот и жената, а природата направила, родителите, без никакви планови, најискрено и најчисто да ги сакаат.

Емотивната функција, според Vukasović, припаѓа на социјализаторско-воспитно-образовната функција, самостојно значење добива во современото демократско семејство, каде што односот меѓу членовите на семејството е променет и детето не претставува „средство“ за

продолжување на „видот“ и зачувување на семејниот имот, туку станува центар на семејството на кое се насоќува целото внимание. Да се израсне во стабилна и зрела личност, која знае да прими и подари љубов, значи да се научи како да се искажуваат сопствените позитивни емоции и канализирање на негативните, како и воочување на туѓите емоционални состојби и однесување во склад со интраперсоналната и инрерперсоналната интелигенција.

Доколку во семејството , помеѓу мажот и жената, постои само задоволување на половиот нагон, што е од биолошка природа, а не постои задоволување и исполнување на емотивната функција, мали се шансите дека таквото семејство ќе опстане како потполно и квалитетно, кое ќе ја обавува својата примарна функција. Одржување на рамнотежа помеѓу емотивната и функцијата на полов нагон кај обата партнери, ќе го направи семејството потполно во секој поглед, а кога на ова ќе се додаде и воспитната функција, дури тогаш може да се рече дека шансите се многу поголеми , детето да се развие во потполно здрава психо- физичка личност извлекувајќи го максимумот од позитивната семејна атмосфера.

Моралната функција е исто така доста важна во социјализаторско-воспитно-образовни семејни функции. Човекот е индивидуа, која мора да ги усогласи своите лични и општествени интереси. Тој е спознајно, вредносно суштество, кое се одликува со свесност и совесност, поседува рационална, спознајна, интелектуална, емоционална, како вредносно – морална категорија. Кога зборуваме за развојот на моралните вредности на човекот , тие првенствено се создаваат во семејството, па со право се вели дека семејството е првото морално училиште, во кое усвојуваат вредностите кај детето. Тоа ја потенцира важноста на моралната функција на семејството, за стабилноста на општеството.

Во склоп на оваа моралната функција, е и пружање грижа и заштита за членовите на истото. Семејството порано било единствен извор на сигурност, забава и рекреација на своите членови. Денес,ситуацијата е видно изменета, па вистинската возбуда младите ја наоѓаат

надвор од семејството, како што се : спортски натпревари, телевизија, интернет, компјутерски игри и разновидни виртуелни светови, социјални мрежи, различни начини на комуникација, клубови со музичко-забавна програма и многу други облици на забава за млади, а кои не ги вклучуваат членовите на семејството. Факт е дека општеството не може да ги извршува функциите на семејството. За тоа говорат фактите за секојдневниот пораст на млади кои се зависници од наркотици, алкохол или малолетни родители. Денес младите се сè повеќе материјално зависни од семејството, од една страна поради неможноста за вработување , веднаш по завршувањето , а од друга страна поради се поголемата мрзеливост кај младите и нивно не прифаќање на секаква работа.Подоцна се осамостојуваат и со тоа уште потешко одлучуваат да створат свое семејство со повеќе деца. Овде , голема грешка прават и родителите со нивната преголема желба, да му се овозможи материјално богатство на поколението. Тоа доведува до ситуација економските функции на семејството да се постават на пиедестал, пред семејните функции. Во денешното конфузно постмодерно општество, вредностите се испревртени и затоа е дури и чудно како семејството се уште опстојува и е камен темелник на општеството.

Влијанието на професијата на родителите кај воспитувањето на децата

Вработеноста на мајката во семејството, ја зголемува нејзината самодоверба, чувството на моќ, нејзината независност и промена на поделбата на трудот меѓу неа и сопругот, но и надвор од домот, во голема мера влијае на семејниот систем.

(Ilić, 2004)

Ефектите од вработеноста на мајката,врз воспитувањето на децата генерално се позитивни, особено кај ќерките. Тоа значи дека сатисфакцијата од работното место е важна детерминанта во односот родител-дете т.е. воспитните практики, кои имаат долгорочно влијание врз личноста на детето. Меѓутоа, семеениот систем е целосно детерминиран и од загубата на

работата на таткото. Невработените татковци се построги во воспитувањето и се помалку задоволни од брачниот живот, нервозата кај нив е доста поизразена.Па на ваквата напната состојби, децата најчесто реагираат со агресија, повлеченост или некој друг облик на нарушено однесување. За време на вакви кризи, „родителите се помалку конзистентни и помалку наклонети кон своите деца.“ (Conger, Patterson & Ge, 1995) Децата во вакви ситуации манифестираат мноштво симптоми, вклучувајќи овде агресивно, проблематично, несоодветно однесување во социјалната заедница. Меѓутоа, таткото и другите членови од семејството, можат да ја ублажат оваа состојбата со дополнителна емотивна поддршка. Родителите кои што извршуваат комплексни работни задачи, кои бараат поголема самостојност и психички напор, се поврзани со авторитативните родители, а помалку сложените работни места, односно т.н. рутинска работа значи дека тоа се авторитарни родители.

Нивото на образование на родителите е уште еден фактор кој значајно влијае врз воспитувањето на детето. Образованите родители, кои припаѓаат на средната класа, генерално развиваат напредни вербални вештини и се научени да размислуваат на апстрактен , субјективен начин. Затоа тие покажуваат интерес за развој на внатрешните карактеристики на детето, кои пак, го водат кон нормално и прифатливо однесување. (Richman, Miller & LeVine, 1992). Високо образованите мајки поседуваат лингвистичка компетентност и се стремат да бидат строги и да го потиснат агресивното однесување кај своето дете (Seth, Saksena & Srivastava, 1978). Но и, истите тие мајки користат систематски начини на награда и казна и имаат воспоставено интеракција со децата. (Singh & Kaur, 1981). Економската безбедност на родителите, им овозможува мотивација и можност да посветат повеќе време и внимание во процесот на воспитување мна своите деца . Според некои истражувања постои поврзаност помеѓу нивото на образование на мајката и социјалното однесување на децата, односно образовното ниво на мајката во голем број од случаите влијае на однесувањето на детето. Тоа значи, мајките со различно образовно ниво

имаат различни воспитни стилови. Мајките кои имаат повисоко образование, се претпоставува дека имаат и повеќе познавања за развојот на детето. Пообразованите родители заработуваат и повеќе пари, кои, пак, им овозможуваат поголеми можности за висококвалитетна грижа за децата. Подобра заработувачка значи и помалку стрес за родителите, што пак се рефлектира на воспитувањето на децата.

Родителите пак , кои се презафатени, работат повеќе часови и повеќе работи во исто време, немаат доволно време, кое што ќе им го посветат на своите деца, ниту пак можат да ги контролираат и надгледуваат нивните активности. Социјализаторската и воспитно-образовната функција на семејството е она што го одржува заедно семејството. Кога оваа функција би се пренесувала надвор од семејството и ако тоа би почнало да слабее, може да дојде до уништување и распад на семејството, гаснење на неговото функционирање како примарна заедница, а со тоа и до еден вид на нарушување на општеството. Помалку безболно семејството може да ја пренесе репродуктивната или економска функција, но ако би се пренела социјализаторско-воспитно-образовната функција, семејството би престанало да функционира. Тоа би било најголема криза за семејството.

1.5.3 Економска функција

Современото семејство, за разлика од патријахалното семејство, не поседува средства за производство.Патријахалното семејство, беше означено како „заедница на произведувачи“, односно произведувачка единица , додека современото семејство е исклучиво потрошувачка, конзумирачка единица, т.е. „зедница на потрошувачи“. За да може нормално да функционира и да обезбеди квалитетен живот на неговите членови, современото семејството со својата работа и приходи мора да ги осигура и задоволи егзистенцијалните потреби на секој член од семејството. Економската егзистенција на семејството е доста значаен фактор за неговата стабилност. Секое

семејството е насочено кон пораст на животниот стандард, а со тоа кон поудобен и поквалитетен живот на неговите членови. Заедничкиот живот бара обезбедување доволно храна, облека, обувки, станбен простор и средства за одржување на биолошкиот и духовниот живот. Murdock, кој е наклонет кон нуклеарната семејна заедница, а како што пренесуваат Haralambos i Holborn (2002) „...со воодушевување ја опишува поделбата на работата внатре во семејството, односно специјализирање на мажот и жената за одредени активности.“ Таквата економска соработка внатре во семејството не само што во голема мера ја исполнува економската улога, туку на сопружниците кои заеднички работат, им пружа бројни позитивни искуства кои ја „зацврстуваат нивната заедница“. Воопшто, идеализирањето на семејството како незаменлива, идеална заедница која ја сочинуваат мајка, татко и нивните деца, се гледа од објаснувањето на Murdock. Haralambos i Holborn (2002) во својот критички осврт на објаснувањето на темелните функции од страна на Murdock, семејните функции ги споменуваат како „...во својот ентузијазам за семејството Murdock, сериозно не размислил за можностите дека тие функции може да се обавуваат и во други општествени институции, па не ја разгледал можноста за алтернативно семејство.“ Тоа значи, нуклеарното семејство е доста изразена складна институција во која мажот и жената имаат интегрирана поделба на работата и заедно уживаат во благодетите од бракот.

1.6 Односите во семејството и улогата на родителите во воспитување на децата

„Децата се несомнено ранливи, а возрасните се помалку ранливи. Штом семејството се најде во неволја, обидот да се спасат децата може да предизвика тешки последици.“

- Кинеска.

Семејството важи за најтрајна, најхомогена, универзална општествена заедница во текот на сите историски општества. Неговото одржување како таква општествена заедница, опстојува

со раѓање, растење и развивање на неговото потомство. Семејната атмосфера е незаменлива за растот, развојот и воспитувањето на децата. Воспитувањето стекнато во семејството најмногу влијае во понатамошниот развој и однесување на личноста, пред се на децата, како и на деликвентното однесување на децата и малолетниците.

Најважната функција на семејството е социјализацијата на неговите членови, пред сѐ на децата, како неопходен услов за нивна можност да се интегрираат во општествената средина. Во семејството се стекнуваат прифатливите норми на однесување, моралните начела, како и работни навики, кои во целост се одвиваат преку процесот на воспитување и градење на човековата зрелост. (Ајдуковиќ & Печник, 1994)

Возрасните членови во семејството, а пред сѐ родителите и нивното однесување, начинот на меѓусебна комуникација, се пример за децата, за кои преку модели за учење, усвојуваат различни критериуми и вредности. Во зависност од кој модел учат, децата усвојуваат како позитивни, така и негативни работи, ставови, навики и усвојуваат одредени норми на однесување.

Во вистинска смисла на зборот ,,семејство“, во членови на семејството спаѓаат сопружниците, бившите сопружници, децата, родителите и останатите крвни сродници, т. е. лица во тазбинско и адоптивно сродство. Односно, лица кои ги врзува хранителство, лица кои живееле или живеат во исто домаќинство, вонбрачни или бивши вонбрачни партнери, лица кои биле или се се уште во љубовна или сексуална врска, или пак лица кои имаат заедничко дете, детето е на пат да се роди, иако никогаш не живееле заедно во исто семејно домаќинство.

За среќно детство, нормален психофизички и ментален развој, за формирање на самостојна личност на детето, од клучно значење е влијанието на семејната атмосфера и односот на членовите на семејството спрема детето, но и меѓу себе.

Од особено значење е односот на мајката и таткото спрема детето, односно старателот, кој се грижи за детето. Потребно е на детето да му се обезбеди да биде рамноправен член на семејството, да биде ислушано, да се почитува неговото мислење, да ги задоволува неговите емоции, физиолошките и интелектуални потреби од кои зависи неговиот понатамошен живот. Сето тоа на едно дете може да му го овозможат родители со здрави меѓусебни односи, во семејство со пријатна атмосфера и развиена емпатија.

Многу е тешко да се балансира меѓу една здрава средина за интегритетот на семејството и јавниот интерес на децата да се безбедни и да се развиваат, особено кога семејствата веќе се соочуваат со проблеми.

Она што има најголемо влијание врз развојот на детето секако се семејните односи. Тие се најсуптилен процес во организацијата и функционирањето на семејниот живот и токму затоа се поле на проучување на повеќе науки. Современите толкувања на семејните односи ги категоризираат нив во специфичен систем на интерперсонална комуникациска динамика, кои се реализираат низ секојдневните контакти на супсистемите (членовите на семејството). Како што вели Марија Братаниќ - „Меѓучовечкиот однос не постои без интеракција … Секој однос претпоставува барем минимална интеракција, а од степенот и квалитетот на воспоставената интеракција, зависи и успешноста на меѓучовечкиот однос.“ (Братаниќ, 1990) Квалитетот на интеракцијата во голема мера зависи од меѓусебното разбирање и почитување, од емотивната компонента како фактор кој ги поврзува супсистемите во семејниот комуникациски систем, како и од реципроцитетот и партиципацијата во реализацијата на интеракцијата. Сето тоа, семејната интеракциска и воспитна клима во семејството ја прави конструктивна.

Интеракциско-комуникациските односи во семејството, експлицитно, континуирано или периодично подлежат на дихотомија. Тие можат да бидат: активни или пасивни; променливи или статични; вербални или невербални; комплементарни или паралелни;

едностранu или реципрочни; еднонасочни или повеќенасочни и сл. Сето тоа зависи од повеќе објективни или субјективни фактори.

(Братаниќ, 1990)

Семејството е една од најтешките средини каде човек би можел да ја изрази својата индивидуалност. Внатре во него, за децата е од пресудна важност да воспостават врски со возрасните кои ги сакаат. Тие можат многу да страдаат доколку во раните години на животот немаат барем една личност чија улога во однос на нив ќе биде постојана или како што велат психоаналитичарите - „секое дете има потреба од однос на љубов и поттикнување со возрасен, а кој однос нема да се прекинува".

Децата се многу еластични и неретко можат да ги пребродат себичноста, кусогледоста, грешките, пристрасноста или некадарноста на родителите. Одредени одлуки на родителите може да создадат хендикепи и да му оневозможат на детето да влезе во секуларниот и сложен свет во кој мора да живее и функционира како возрасен.

1.7 Односот меѓу родителите и влијанието на децата

Од големо значење за формирањето на здрава психофизичка личност на детето е самиот однос помеѓу родителите, односно сопружниците. Живеејќи во време кога семејството доживува криза, кога се нарушени семејните вредности, дури и терминот „семејство" го губи своето значење . Сликата за среќно семејство, насмеани родители, среќни деца, баби и дедовци во позадина, денес се заменува со напреднат „тренд" на распаѓање на идеалното семејство на еднороди телски семејства, семејства со поделено старателство, згрижувачки семејства, посвојувачки семејства, а сите во обид да го зачуваат разнишаниот однос во семејството.

Тајната на успехот според Dr. Taniguchi е во почитување на другата личност. Кога мажот ја почитува и пофалува својата жена, и обратно, не може да се појави раздор и атмосферата во

домот е позитивна. За да се разбере односот на честа, мора да се сфати дека мажот не е како жената, ниту жената е како мажот. Тие се две половини, кои споени заедно прават едно цело и секој од нив има вредносни атрибути кои му недостигаат на другиот. Потребно е да се препознаат есенцијалните вредности што секој член од врската ги има, а кои се основа на брачната хармонија.

Никогаш не може да се расветли до крај односот меѓу мажот и жената. Но, основа за успех е во другата личност да се препознава само доброто, а да се заборават грешките. Колку повеќе критикуваме некого, толку повеќе предизвикуваме дисхармонија во односите со таа личност.

Кога родителите имаат воспоставено хармоничен однос, децата се среќни и сигурни, растат да бидат добри граѓани и прекрасни луѓе. Богато семејство не е она кое живее во палата и има многу пари. Богато е она семејство за кое агресијата, дисхармонијата и отуѓеноста се непознати поими. (Ајдуковиќ, 2008)

Децата учат како да комуницираат гледајќи ги нивните родители. Ако комуникацијата меѓу родителите е отворена и ефикасна, тогаш голема е веројатноста и нивните деца да комуницираат така. Добрите комуникациски способности на децата ќе им бидат од корист цел живот. Родителите треба да разговараат постојано. Подобро е проблемите да се решаваат навремено и искрено, отколку да се остават да се таложат, по што ќе дојде до експлозија и големи несогласувања. Ова значи да се заборават проблемите од минатото, односно да не се споменуваат проблемите од минатото кои веќе еднаш биле решени.

Добриот однос меѓу родителите-партнери бара трпение, љубезност, понизност, жртва, емпатија, љубов, разбирање, простување и напорна работа.

1.8 Комуникација во семејството

Комуникацијата (лат.communicatio, comunico – соопштување), е размена на содржината на пораката меѓу субјекти. Комуникацијата подразбира праќање на пораки од еден човек на друг. Најважен и најраспространет облик на комуникација е пишаниот и говорен јазик. Тоа е т.н. вербална комуникација, која е спротивност на невербалната комуникација (мимики, гестови, трепкање, пантомима, говор на телото и сл.) Семејството е најважен фактор за воспитување на младата личност, зашто тоа е првата средина за детето воопшто, и прва средина во која тоа остварува комуникација.

Среќен живот во родителскиот дом е важен за развојот на секое дете. Децата кои растат во среќно семејство, семејство во кое комуникацијата меѓу членовите е на високо ниво, во дом каде родителите се внимателни еден кон друг, сложни, се почитуваат, имаат поголеми шанси да израснат во такви личности. Семејното воспитание е ефикасно ако се воспоставени складни семејни односи. Здрав живот во семејството без комуникација е речиси невозможен. Добрата комуникација меѓу таткото и мајката им овозможува можности за повеќе и подобро да внимаваат на децата, нивните активности и однесување. Добрата комуникација овозможува разбирање, поддршка, соработка и навремено решавање на проблемот. Во семејството се остваруваат првите социјални контакти, а во тој процес на социјализација, личниот пример игра голема улога. Тоа го остваруваат само оние семејства со уважување, почит и хармонија меѓу членовите. Повеќето автори се сложуваат дека нарушувањата во однесувањето, се последица на лошото воспитување на детето и лошата комуникација меѓу членовите. Нарушувањата во социјалното однесување се јавуваат во мигот кога детето не може да ги задоволи своите потреби на мирен начин и се јавува фрустрација.

1.9 Интеракција родител - дете

Истражувањата за интеракцијата родител - дете покажуваат дека интеракцијата помеѓу родителот и детето е поврзана со мноштво социјални последици, вклучувајќи агресија, достигнување и морален развој и нарушено социјално однесување. Поврзаноста меѓу интеракцијата родител - дете и самото дете е значајна. Резултатите се импресивни, не поради големината на поврзаноста, која најчесто е мала, туку поради влијанието на оваа врска врз развојот на детето, како што тоа го прават семејството, училиштето и социјалната заедница.

> „Децата треба да се подготват за иднината, пренесувајќи им максимално количество на знаење кое можат да го усвојат.“
>
> (Лукович И., 2004).

Најдобро решение за проблемот нарушено однесување меѓу учениците е подобрена комуникација меѓу родителите и децата. Ова е докажано по спроведеното истражување од страна на Alpha Research polling agency.

Новите знаења од областа на психологијата, педагогијата, медицината и другите науки укажуваат на тоа колку воспитувањето во раното детство влијае на развојот на детето, но и на тоа колку е развиена свеста кај родителите и воспитувачите за развојот на детската личност и пред сè неговите потреби.

Ефективната комуникација започнува уште додека децата се мали. Пред да започне комуникацијата и интеракцијата родител - дете, и родителот и детето треба да се чувствуваат доволно удобно еден покрај друг. Уште додека децата се мали, родителите се тие кои треба да креираат сцена, ситуација на отворена комуникација. Родителите ова може да го направат со тоа што ќе им бидат достапни на своите деца кога сакаат да им постават некое прашање или пак сакаат да разговараат на која било тема. За создавање на клима за отворена комуникација

потребно е многу љубов, разбирање и прифаќање. Кога децата се чувствуваат сакани и прифатени од родителите, можат да се отворат и да ги споделат своите мисли, чувства и ставови.

На децата може да им се покаже дека се прифатени и сакани и со невербално однесување, мимики, гестови и фацијална експресија. При тоа треба да се редуцираат или отстранат ситуациите на викање или необрнување внимание. Ваквото однесување е пречка на патот кон успешна комуникација. За жал, многу родители не се свесни за тоа колку често користат негативни форми на комуникација со своите деца. Како резултат на тоа, кај децата може да се всади недоверба и ниска самопочит. Ова е причината зошто е толку важно родителите да станат свесни и да ги исправат сите негативни форми на комуникација. Во секој случај, родителите треба да научат да покажуваат прифаќање на децата на начин на кој детето ќе го сфати тоа.

1.10 Воспитни стилови на родителство

Родителството е динамична животна улога со долгорочни цели. Таа симбиотска врска не се прекинува, не престанува, само се развива, надградува и се менува.

Родителството е долгорочно патување, кое почнува од самото раѓање на детето и се одвива низ времето и просторот. На ова патување, потребно е родителот да го запознае „сопатникот“, односно детето. Патувањето може да биде пријатно и без проблеми, но често е придружено со препреки, бури и дилеми како да се продолжи понатаму.

Стилот на родителството се однесува на тоа како родителот одговара на своето дете и неговите родителски обиди да го воспита, одгледа, да го социјализира, всушност, да го порасне. Стилот на родителство кажува многу за врската со децата, и има влијание на нивниот развој.

Детето мора да расте опкружено со многу љубов , толеранција, емпатија и да претставува рамноправен член во семејството. Меѓутоа , некои родители многу грешат во воспитувањето на

своите деца, или се престроги или се премногу попустливи, па тој баланс во воспитувањето е нарушен.

1.10.1 Авторитарни или престроги родители

Речиси и да нема семејство, во кое родителите, во одредени ситуации не се однесувале премногу строги, дури и престроги кон своите деца, многу често и без преголема потреба. Доколку таа престрогост кон децата е издржлива во педагошко прифатливите норми и не е така трагично за детето и формирањето на неговата личност. Де се биде строг кон своето дете, не значи и дека детето е непочитувано и несакано.

Меѓутоа, многу строгото однесување на авторитарните родители кон децата, па дури и во некои безначајни ситуации е потполно не сфатливо и не прифатливо за развојот и воспитувањето на децата. Авторитарните родители не сфаќаат дека нивното постојано грубо однесување им штети на децата и го нарушува нивниоот психофизички развој.

Авторитарните родители, кон своите деца се однесуваат како надредници. Поаѓаат од ставот дека „јас најдобро знам што е добро за моето дете.“ Ги сметаат децата за нивна сопственост и во секоја ситуација очекуваат од детето да го направи тоа што тие го сакаат и бараат од него . Односот со детето е еднонасочен, полн со барања и со малку топлина. Честопати и барањето да е премногу тешко и несовладливо за нивната возраст и нивните можности . Не ја почитува детската личност, секоја грешка ја коригира преку вградениот страв кај детето . Ја цени и фаворизира слепата послушност.

Тие родители се бесчувствителни кон децата,единствено им е важно детето без приговор да го исполни барањето, децата кон нив да имаат голема стравопочит, не гледајќи дека постојат и други и поефикасни начини на воспитување на своите деца. Користи казнени, присилни мерки

за да го контролира однесувањето на детето. Релацијата се заснова врз моќ, дава предност на казната и силата наспроти љубовта и комуникацијата.

Со таквото однесување, честопати и физичко и психичко насилство и невозможноста да се препознае угнетувањето и нарушувањето на психата на детето, таквите родителите одгледуваат деца кои се несигурни во себе, себични, недоверливи, плашливи, честопати и агресивни, пројавуваат слаби реакции на фрустрација. Имаат добар училишен успех поради страв од казна, неуспехот е придружен со вознемиреност, имаат тешкотија во остварување и одржување пријателства. Деца кои живеат во постојан страв од насилство и стекнуваат впечаток дека се немоќни , неспособни за било што да направат на вистински начин и во контакт со надворешната околина не знаат како да се однесуваат. Честопати се однесуваат со нетрпение и агресија.

Поради неправдата која им е нанесена од страна на родителите, пројавуваат бунтовност, недисциплина, грубост, посебно надвор од семејството, во училиштата и во контактите со нивните врсници. Кога ќе стане адолесцент може да се идентификува со насилниот родител.

Авторитарниот стил на родителско воспитување го загрозува целокупниот раст и развој на детето, кај него се создава впечаток на несигурност и неспособност, а во исто време им опаѓа самодовербата и вербата во сопствените можности.

Меѓутоа треба да разликуваме престрогост од строгост. Родителите кои се строги, се строги и кон самите себе и ја почитуваат личноста на детето, барањата им се во склад со можностите и потребите на детето, покажуваат љубов кон детето, го потикнуваат на создавање работни навики, и извршување на своите обврски, што допринесува во формирање на правилен раст и развој на детето и во никој случај не претставува фактор за антисоцијално и деликвентно однесување на детето.

1.10.2 Пермисивни или попустливи родители

Спротивен од авторитативниот родител е попустливиот родител. Тој поаѓа од ставот дека „детето најдобро знае што му е потребно“**.** Афирмативен е и нежен, го сака и заштитува детето, не применува казни и забрани, му ги прифаќа сите желби на детето и нема многу барања. Таквите родители се претерано емоционално осетливи, даваат многу љубов поддршка и емоционална топлина, но немаат контрола врз однесувањето на детето. Немаат поставено јасни граници помеѓу дозволеното и недозволеното, доброто и лошото, како во рамките на семејството, така и во поширокаата социјална средина.

Пермисивните родители одгледуваат деца кои не прифаќаат „не“,. Детето е бунтовно и пркосно кога го предизвикуваат или кога не може да биде по негово. Има слаба контрола на емоциите и темпераментот и лесно се фрустрира, намалена им е концентрацијата и вниманието, посебно доаѓа до израз во училиштето, па тешко ги извршуваат училишните задачи.

Како резултат на ваквиот попустлив стил на воспитување, може да се појави дури и антисоцијално однесување, поради немање прифатени правила и слаб морален развој. Може да се случи детето да не биде прифатено од врсничката група.

1.10.3 Индиферентни родители

Индиферентниот или запоставувачки родител поаѓа од ставот „јас си имам свој живот и детето си има свој живот“. Тој е несовесен родител, немарен, има слаба контрола врз однесувањето на детето, поставува мали барања, емоционално се ладни, незаинтересирани за активностите на детето, за дисциплината на детето. Насочен е кон својот комодитет, окупиран со самиот себе и не е вклучен во родителството. Ретко искажуваат родителска љубов.

Неспособен е да ги сфати основните потреби на детето за нега, љубов и поврзаност. Можно е и самиот да бил занемаруван како дете или имал проблеми со злоупотреба на наркотични супстанции.

Како резултат на ваквото однесување на родителите, кај децата се развива слабо разбирање на границите меѓу дозволеното и недозволеното, меѓу лошото и доброто. Децата стануваат анксиозни, непослушни, се однесуваат непријателски, имаат низок степен на самопочит, склони се кон деликвентни облици на однесување, базично се несигурни во себе, со променливо расположение, имаат слаба самоконтрола и ниска самопочит.

1.10.4 Авторитативни родители

Најпосакуваниот родителски стил на воспитување е авторитативниот стил. Овие родители поаѓаат од ставот „ние градиме добар однос“. Овој воспитен стил, се нарекува уште и демократски и доследен. Тоа е стил кој ги комбинира цврстата родителска контрола и емоционалната топлина.

Родителите поставуваат барања и имаат очекувања кои се одмерени за возраста на детето, спроведуваат надзор и имаат цврста контрола на детските пожелни форми на однесување, со љубов, поддршка и емоционална топлина. Го почитуваат детето, му даваат можност да ги изрази своите потреби и ставови. Ја поттикнуваат детската љубопитност, креативност, самоувереност, независност и самостојност кај детето, но притоа водат сметка за неговите емоции.

Како резултат на авторитативниот стил на воспитување од страна на родителот се развива среќно дете, кое се чувствува сигурно во себе, контактибилно, се впушта во докажување со аргументи, ги сака правдата и честа и носи сопствени одлуки. Полно е со самодоверба и самопочит, има развиена способност за совладување на предизвикувачки задачи, многу се одговорни како кон себе,така и кон општествената заедница. Има развиена способност за

контрола на своите емоции и добро развиени социјални вештини, како и развиена способност за остверување и одржување пријателства.

1.10.5 Преамбициозни родители

Речиси и да нема родител кој што не му посакува се најдобро на своето дете, најубава сегашност и најдобра иднина. Амбиција на секој родител е да биде најдобро неговото дете во училиште, во спорт, музика или некоја друга категорија.Но постојат и родители со апсолутно неприфатливи и болни амбиции, кои по секоја цена сакаат неговото дете да биде над сите други.

Таквите родители не ги почитуваат желбите на детето, неговите можности и способности, туку му ги наметнуваат своите желби и нешто што во животот тие не успеале да го остварат. И покрај различните способности на детето, уште во почетокот на школувањето, преамбициозниот родител настојува неговото дете да биде најдобро буквакно во се. Поради тоа што од детето се бара, во исто време да има високи оцени во училиште, да оди на спорт, да учи странски јазици, се создава голем притисок кај него што доведува до запоставување на сопственото ,,јас,, и неговото самостојно одлучување.

Голем проблем се создава посебно кога мајката има една желба, таткото друга желба, па детето се наоѓа во средина помеѓу нивните желби, а не го сака ниту едното, ниту другото. Таквата ситуација го доведува детето до бесчувствителност и доаѓа до конфликт со околината, станува недисциплинирано , покажува асоцијално однесување од причина што не може да го издржи притисокот од родителите и нивните очекувања од него. Постојат ситуации и кога детето го сака поа што му го наметнуваат родителите, не неговите моќности се помали и пак не моѓе да ги оствари очекувањата.

За да се реши таквата ситуација, родителите мораат добро да го запознаат своето дете, да знаат што тоа сака, кои се неговите можности, потреби, интересирања. Само на тој начин тие ќе

моѓат да ги разграничат нивните реални од нереалните и нездрави амбиции и на своето дете ,покрај школските секојдневни обврски , ќе му додадат иуште некоја реална и остварлива за детето активност.

1.10.6 Презагрижени родители

Кога зборуваме за презагрижени родители спрема детето, обично се мисли на мајката, иако во поново време, во денешното современо општество таа улога се повеќе ја презема таткото. Презагриженоста се поистоветува со контролата и тоа потполна контрола над децата, не земајќи ги во обзир нивните способности.Од друга страна разумната контрола над детето е позитивна, бидејќи ги согледува можностите на детето и сосема е нормално родителите да се грижат за своите деца, да ги штитат и насочуваат на прав пат.

Презагрижените родители, кои на секоја ситуација внимаваат, дигаат паника поради некои безизлезни ситуации, не испуштајќи го од вид ни за секунда своето дете, во исто време попречувајќи ги неговите креативност, самостојност и решавање на проблемот со сопствен труд. Таквиот однос доведува до недоволна социјализација на детето, што понатаму пак доведува до неспособност на детето да ги извршува неговите работни задачи, што неговите врсници со леснотија ги извршуваат. Доколку детето проба самостојно да изврши некоја задача, наидува на страв, внимателност, несигурност во себе и детето постепено ја губи вербата во себе, во своите можности и способности.

Буквално родителите ја завршуваат секоја задача што треба нивното дете да ја заврши, наместо да го пуштат само, да го бодрат и да го мотивираат на самостојност.

Презагрижените родители живеат во постојан страв дека на нивното дете може нешто да му се случи, веруваат дека му е нанесена неправда која мора да ја исправат, се служат со се и

сешто како би ја решиле ситуацијата. (Stanojlović, 1994) Доаѓаме до општ заклучок дека воспитувањето кај тие родители е во користење на срцето, а не и разумот.

Се разбира дека помошта од страна на родителите е корисна, доколку е реална и неопходна и е корисна во понатамошниот развој и учењето на детето.

Доаѓаме до заклучок дека претераната и неоснована загриженост на родителите, лесно доведува до конфликт на дететто само со себе, со врсниците и околината, што во крајна мера може да предизвика антисоцијално однесување и претставува еден од загрижувачките фактори за појава на малолетничка деликвенција.

1.10.7 Презафатени родители

Денешното современо семејство, најчесто го сочинуваат родителите и децата и се нарекува нуклеарно семејство. Тоа денешно семејство се соочува со низа проблеми, кои во минатото не можеле ниту да се претпостават. Еден од тие големи проблеми е и зголемувањето на обемот на работа и значително намалување на времето кое родителите можат да го поминат со своите деца.

Родителите се сè повеќе зафатени со работни обврски, со создавање кариера, а сè помалку се заинтересирани за грижата и воспитувањето на своите деца. Тие се почесто се опседнати со речиси и непотребни работи, наместо на детето да му пружат топло и среќно детство. Во таков случај на децата им недостига родителската љубов, подршка и совет кога се најдат во проблемска ситуација, потребен им е разговор со родителите. Речиси и да не постојат активности на родителите и децата кои ги прават среќни . Нивните заеднички убави моменти, ги заменуваат со купување скапи играчки и други материјални работи .

Децата се препуштени сами на себе, на некој друг член од семејството или на воспитувачите во образовните институции, па многу често потпаѓаат под влијанието на надворешната средина. (Pjurkovska-Petrović, 1990)

Родителите мора да бидат свесни дека му се потребни на детето, како би можеле да ги делат и убавите и помалку убавите моменти и дека од тоа зависи нивниот правилен раст и развој. Посебно негативно влијание врз децата има незаинтересираноста на родителите за проблемите на детето, како би можеле да му пружат помош, подршка и совет, а честопати таа улога се префрлува од мајката на таткото и обратно.

Отворениот и искрен однос на родителите и децата претставува темел за нормален психофизички развој на детето, а клучна улога има непосредната комуникација на релација родител-дете. Всушност комуникацијата е тоа што недостасува кога родителите се презафатени.

Во вакви ситуации, надворешните негативни влијанија, без проблем доаѓаат до децата, па многу често децата, чии родители немаат време за нив, почнуваат да прават проблеми во училиште, да се тепаат со врсниците, имаат проблем со дисциплината и не ги почитуваат постарите. Уште поопасно е тоа што децата стануваат жртви на организирани криминални групи, биваат искористувани за извршување на различни кривични дела и доаѓаат во судир со законот, кој ги прати понатаму низ целиот живот.

Идеална ситуација би била кога родителите би можеле да ги усогласат работните обврски така да би можело еден од родителите да биде постојано со децата и да се занимава со нивното растење и воспитување.

1.11 Функционално и дисфункционално семејство

Живеејќи во време, кога современото семејство е во криза и трансформација и ја губи својата функционалност, многу е тешко да се одредат критериумите за одредување на

функционалноста на семјството. Во одредувањето на функционалноста и дисфункционалноста на семејството, се поаѓа од особините на семејството како био-психосоцијална заедница и задачите кои како целина треба да ги исполни во текот на животните циклуси. Способноста на семејството да функционира како целина, се разгледува во оквирот на четири основни подрачја:

- Персонално функционирање - чувство на задоволство и среќа на секој член во семејството;
- Брачно функционирање - сексуално и емотивно задоволство на партнерите;
- Родителско функционирање - обезбедува заштита, поддршка, разбирање, љубов, воспитување и социјализација на децата;
- Социоекономско функционирање - развивање на семејните вредности, економска стабилност и усогласеност со општествените и културните норми

Функционалноста и дисфункционалноста на смејството зависи и од односите кои постојат помеѓу членовите во семејството, но и односите помеѓу семејството и општеството. Грижата која денес нашата општествена заедница и ја посветува на нашата младина е неспорно голема, но таа грижа била многу мала во блиското и подалечно минато на нашите народи и токму тоа наследство силно го спречува брзото решавање на младинските проблеми.

Семејството е основен фактор за интегрален развој и правилно воспитување на детето. Но, тоа не е секое семејство. Семејство во кое има неслога и физички пресметки и во кое атмосферата е затворена и се наоѓа на ниско морално ниво, има обратно дејство на децата. Тоа може поразно да делува на нив и тие да станат деструктивни личности.

> “Дисфункционално семејство е она во кое конфликт, несоодветно однесување и злоупотреба, се случуваат често од страна на поединечни членови на семејството, така што останатите во домот се приморани да се приспособат на ваквите акции.”

(D.Stoop & J.Masteller, 1997)

Децата кои растат во вакви семејства понекогаш си мислат дека ова е сосем нормална состојба.

Причините за дисфункционалност на семејството се зависност од алкохол, дрога или други супстанции, на некој член; присуство на одредени ментални болести; емоционална нестабилност и сл.

Голем број психолошки истражувања покажуваат дека пореметувањата во однесувањето кај децата се резултат на неадекватната средина на живеење т.е. семејството во кое живеат. Направено е истражување со кое се покажуваат основните фактори кои влијаат на пореметување во однесувањето - асоцијално, антисоцијално однесување, агресивност.

Во психолошко-психијатриската литература, детскиот психолог Ејер, вели дека во 83% од случаите виновно е дисфункционалното семејство; во некои истражувања, овој процент се однесува дури на 90% од испитаниците. Во оваа група, родителите на 64% од децата-испитаници припаѓаат на пониските социјални слоеви и работат на помалку атрактивни работни места.

При анализа на семејството, дури 85% од децата рекле дека живеат само со еден родител (поради развод или смрт), а останатите 15% иако живеат во потполни семејства, сепак тие се дисфункционални. Во повеќето семејства утврдено е дека има тепачки, каранници и алкохолизам, а во дел од нив таткото е претерано авторитарен. Помала група се оние деца чии родители се разведени.

Секое пореметување на односите делува негативно на развојот на личноста. Што значи дека и самата атмосфера на нетрпеливост и нехармонични односи делувала негативно и пред разводот, што, пак, докажува дека исто толку децата се однесуваат агресивно-социјално неприфатливо и во непотполни семејства и во дисфункционални семејства. Неопходно е уште во најрана возраст детето да стекне чувство на сигурност и самодоверба, а децата кои растат во нефункционални семејства, се лишени од ова и се чувствуваат несигурни. Затоа кај нив се јавува

желба за прерано осамостојување, стануваат агресивни кон околината се додека нивното однесување не премине во антисоцијално. Затоа, како што упатува Милица Петровиќ, пореметувањата во однесувањето кај детето треба да се сфаќаат како реакција на околината во која живее и е неопходно да се испита и детето, но пред семејните односи и социјални прилики.

Според Mod Meril, повеќето воспитно запуштени деца се од семејства во кои се нарушени меѓусебните односи и затоа овие семејства се сфаќаат како разбиени, односно, дисфункционални семејства. Од структуралистички аспект, дисфункционален семеен систем постои кога проблемите во хиерархијата на моќта, поставувањето на граници или усогласувањето на сите елементи во структурата, имаат проблем во процесот на адаптација во средината. (Goldenberg & Goldenberg, 2004) Кога механизмите на адаптација се преоптоварени, семејниот систем не може успешно да се справува со секојдневниот стрес и не може адекватно да го следи растот и развојот на поединечните членови. Ваквите оштетувања на семејната структура делуваат штетно на децата кои треба да се потпираат на семејството кое им дава поддршка и упатства за преживување и здрав развој. Дисфункционална хиерархија настанува кога родителите не успеваат да ја исполнат одговорноста на лидери во семејството. (Kilpatrick & Holland, 2006) Причините за неуспехот на родителите во преземање на раководна улога во семејството се бројни: злоупотреба на супстанци (наркотици и алкохол), ментални болести (нарушено ментално здравје), брачни несогласувања, проблеми поврзани со работата и недостиг од родителски вештини. Без оглед на причината, неправилното родителско лидерство предизвикува агресија кај децата, особено ако тие се запоставувани, злоупотребени или се сведоци на агресивен однос меѓу своите родители, па подоцна тие тоа го инкорпорираат во своето однесување во интеракција со другите луѓе. (James, 1995)

Децата на несовесните родители најчесто негираат дека им е потребно да се чувствуваат безбедни. Без доследно родителско насочување во секојдневните задачи, децата најверојатно

доживуваат чести и безуспешни обиди, што на крајот создаваат слика за себе како неспособно и некомпетентно дете. Без соодветна родителска поддршка и утеха кога се доживува пораз, децата нема да развијат способност да се само-смируваат во состојба на емоционален стрес.

Злоупотребата на родителската моќ е дефинирана како употреба на казна од страна на родителите, но не како инструмент за менување на несоодветното однесување, туку како начин да се искаже сопствената лутина и одговорност. (Patterson, 1982)

Кога родителското однесување ќе стане закана за детската безбедност и добросостојба, децата страдаат од т.н. збунувачки колапс. Поради неможноста да ги контролираат условите и да се зближат со своите родители, злоупотребуваните деца реагираат со дезорганизација, дезориентираност и обиди да ја компензираат загубата на контрола преку физичка контрола на непосредната околина.

Како што е претходно напоменато, преку интеракција со родителите, децата научуваат да прифаќаат авторитет и да преземат одговорност за своите постапки. Преку истата таа интеракција може да научат и да ја злоупотребуваат моќта, на истиот начин како што тоа го правеле нивните старатели во процесот на воспитување. Децата кои се сведоци на закани и акти на насилство меѓу родителите или на родителите врз децата, и самите стануваат насилни и агресивни (Erdiller, 2013).

Функционирањето на границите во семејството зависи од степенот на попустливост и флексибилност. Под услов границите да се јасно поставени, семејството постигнува баланс и автономија и голема поврзаност меѓу членовите на семејството. А премногу строги, ригидни или дифузни, нејасни граници може да бидат штетни за развојот на детето (Minuchin, 1985). Децата од семејства кои општествената заедница ја гледаат како опасна и непријателски настроена, имаат поголема веројатност и тие да се однесуваат на ист начин кон заедницата. Овие деца имаат предиспозиција за агресивно однесување, како средство за преживување во суровиот свет. Кога

во домот има конфликти, децата се лишени од позитивни примери и тоа води кон психолошка и емоционална штета.

Отуѓувањето меѓу семејните членови и емоционално напуштање се основни предиспозиции за нарушено социјално однесување кај децата. Отуѓувањето значи отфрлање на децата од страна на родителот со што на истото му се скратуваат условите на заштита и удобност (Gardner, 1998). Во семејства каде постои голема неслога, доаѓа до сепарација и одделување на еден од родителите од семејството, при што доаѓа и до отуѓување на децата од тој родител. Отуѓувањето е поголемо ако родителите користат и навредливи зборови еден кон друг; во овој случај нарушеното однесување на децата не доаѓа како спонтана, туку како сосема очекувана емоционална реакција.

Емоционалното запоставување е во перцепцијата на децата дека тие се одбиени или запоставени од страна на возрасните личности кои се важни за нивното живеење (Anderson & Dill, 2000). Најверојатно тоа е ситуација во која родителите даваат постојан отпор кон децата, во подолг временски период, ускратувајќи им ја потребната удобност и заштита. Со текот на времето, запоставените деца ја губат сета надеж дека бараната родителска грижа ќе ја добијат. Во отсуство на родителска контрола, овие деца се приморани „да успеат“ сами и често пати „на штета на другите луѓе“. Децата кои се емоционално запоставени се склони кон отклонувања и нарушувања во однесувањето од две причини: манифестација која е резултат на фрустрацијата, гневот и незадоволството; механизам со кој се заштитуваат себеси и својата автономија од влијанието на другите (Mayseless, 1996). Агресивното однесување најчесто е намерна, однапред утврдена активност која служи за задоволување на одредени лични потреби, а не е директен одговор на непосреден предизвик или закана. Децата што растат во дисфункционални семејства, стекнуваат трауматични и болни искуства од делата, зборовите и ставовите на родителите. Поради овие трауматични искуства, тие деца кога ќе пораснат, се различни од другите врсници.

Дисфункционално семејство е она во кое односите меѓу родителите и децата се заладени и неприродни. Ова најчесто се случува како резултат на тоа што некој член од семејството има сериозен проблем кој влијае на другите членови од семејството, а пак секој член од тоа семејство се чувствува принуден да се прилагоди на нетипичните семејни услови за да може да преживее.

1.12 Видови дисфункционални семејства

Различни психолози, разлочно ги класифицираат дисфункционалните семејства. Но земајќи ги во предвид причините поради кои настанува дисфункционалното семејство, Д-р Џенет Кициар издвојува четири типови на дисфункционални семејства:

- Семејства со членови кои се зависници од алкохол или хемиски супстанци(тоа се семејства , во кои барем еден член во семее алкохоличар или корисник на некоја психотропна супстанција.
- Емоционално или психички нарушени системи(тука спаѓаат семејства, во кои нема емпатија, не се искажува и покажува љубов, некој член од семејството е емоционално нестабилна личност или пак постои некое психосоматско заболување);
- Семејства во кои има емоционално или физичко злоупотребување(проблемите се решаваат со употреба на физичко и психичко насилство);
- Семејства кои строго веруваат во одредени религии (донесувањето одлуки и однесувањето на неговите членови е според одредени религиозни верувања).

Последиците кои настануваат во ваквите семејства се: проблеми во идентификување и изразување на чувствата; проблеми во формирање и одржување на блиски односи со семејството; поставување високи цели и неможност за нивно остварување (нереални очекувања

од себе); премногу се строги кон себе; ригидност во ставовите и однесувањето; проблеми во прилагодувањето кон можни промени; постојана потреба за внимание од луѓето околу себе; чувство на срам и безвредност,агресивно однесување за можност да ги задржи другите околу себе на дистанца: ниска самодоверба; можност неможност да се биде трпелив со околината.

Децата кои живеат во овие семејства не можат да перципираат што е соодветно однесување и поради тоа создаваат нереални очекувања за однесувањето на другите луѓе, а особено за своето однесување. Сите тие последици, придонесуваат придонесуваат, да се развива негативен став кон околината, да се биде завидлив, критички настроен, зајадлив дури и насилен и агресивен.

Почитувањето на личната слобода и приватност на своите деца, на нивните обиди за независно размислување и донесување одлуки, можноста да се изрази креативност и духовност, од страна на родителите е многу важна за правилниот психофизички развој на децата.

Порано, концептот на воспитување на дисфункционалното семејство не било сериозно сфатен од страна на професионалците, кои се занимаваат со оваа проблематика (социјални работници, учители, психолози, педагози, терапевти, свештеници), особено во повисоката и средна класа. Превземањето на каква и да било интервенција, се сфаќала како нарушување и навлегување во приватноста на бракот и семејството, а со тоа и зголемување на можноста за развод. Од децата се очекувало безусловна послушност и почитување на родителите, особено таткото, дури и кога биле во зрели години, како и самостојно справување со проблематишните ситуацијата.

Многу пати се случува да се создаде искривена перцепција и погрешно верување за дисфункционалните семејни системи. Самото семејство дава слика дека брачните партнери се на чекор од развод или разделување. Во некои случаи,доаѓа и до развод, но сепак во повеќето семејства, брачните врски се многу посилни од што се мисли, а родителите ги повторуваат

своите грешки. Но, ова не треба да значи дека состојбата во семејството е стабилна. Секој поголем стрес, поголема конфликтна ситуација, болест, природна несреќа, може да ја влошат и така непозитивната клима во семејството.

1.13 Насилство во семејството

Насилството во семејството, како општествена појава, постои колку и постоењето на семејството. Меѓутоа, семејството било во затворена и изолирана заедница, каде главниот збор го имал мажот, па за таа појава воопшто не се ни знаело, ниту пак зборувало.

Во денешното модерно семејство, оваа појава е се почеста, се повеќе се зборува за неа, па веќе станува модел на однесување, а не само изолиран инцидент. Костадинович-Вилич и Николич-Ристанович, насилството во семејството го дефинираат како „континуирана примена на физичка и психичка сила, над членовите на семејството, повредувајќи ги и загрозувајќи ги доменот на сигурност и односот на поверение , исполнувајќи контрола и моќ над членовите во семејството, без разлика дали е во важечкиот кривичен закон предвидено како кривично дело и дали извршувачот на насилство е пријавен на органите за кривично гонење“.

Според овие авторки, насилство во семејството постои секогаш, кога постои физичка или психичка сила, на еден член од семејството, врз друг член на семејството и кога се повредуваат неговите права и слобода.

Покрај другите видови насилства во семејството, насилство во брачните односи, насилство врз стари лица, многу честа појава е насилството врз децата, кое предизвикува многу опасни и трајни последици во развојот на децата.

1.14 Насилство над децата - поим и облици

Најголемата жртва во семејното насилство е детето, без разлика дали се зборува за директно насилство над детето или е сведок на насилство во бракот или спрема друг член на семејството.

Во минатото родителите имале потполно право над децата, па покрај физичкото и психичкото насилство како средства на дисциплинирање, родителите имале право и смртно да ги казнуваат. Денес, насилството над децата се смета за кривично дело, бидејќи детето е со посебни карактеристики на личноста.

Според СЗО, насилството над децата во семејството, ги опфаќа сите облици на физичко и психичко насилство, сексуална злоупотреба, занемарување на децата, како и намера за друга експлоатација, која доведува до нарушување или потенцијално нарушување на здравјето на детето, негово преживување, развој или достоинство во рамки кои вклучуваат одговорност, доверба или моќ.

Без разлика дали детето е директна жртва на насилството или е сведок на некое насилство врз друг член во семејството, насилството над децата се јавува во облик на физичко, психичко и сексуално насилство и занемарување на детето како посебен облик на насилство. Во секој случај, тоа предизвикува трајни последици врз психофизичкиот развој на детето, па мора да се преземат сите неопходни мерки за заштита на децата. (Baillargeon, Tremblay & Willms, 2002)

Физичко насилство

Физичко насилство претставува физички напад, кој доведува до потенцијални или вистински телесни повреди на личноста. Според Гил, тоа опфаќа и минимални и фатални повреди. Физичкото насилство врз децата претставува свесно и намерно однесување на родителите или друг член од семејството и како по правило се повторува секој ден. Основна

карактеристика на физичкото насилство е физичкото насилство од лица кои треба да се грижат за детето.

Основни облици на физичко насилство е удирање (со рака, нога, разни предмети), гризење, тегнење за коса, давење, бодење, како и врзување и ограничување на слободата на движење. Најчести повреди се јавуваат на главата, кожата, коските, грбот и централниот нервен систем.

Психичко насилство

Под психичко насилство се подразбира однесување кое не се гледа во примена на физичко насилство, но се загрозува и повредува личноста на детето. Емоционалното насилство е суптилно и скриено и претставува напад на дете, односно на неговиот емоционален развој.

Според СЗО психичкото насилство над децата претставува ,,неуспех во овозможување на развојот, компатибилен на средината, која вклучува расположливост на примарната личност за поврзување, во таа детето да може да развие стабилни емоции и социјална компетенција, во контекст на општествените норми.

Значи, секое постапување, кое го попречува психичкиот развој на детето, а најчесто е манифестирано преку одбивање на детето, заплашување, изолација или погрешна социјализација, претставува емоционално или психичко насилство.

Вербалното насилство врз детето е најчест начин на психичко насилство. Се манифестира преку речникот што го употребува детето, а има за цел ,кај детето да се јави сомнеж во сопствените можности и способности, да му се намали самодовербата и да ја уништи добрата перцепција што ја има детето за себе.

Сексуално насилство

Сексуалното насилств е најтежок облик на насилство врз детето**,** кое се јавува во семејството и остава најтешки последици. Покрај физичките повреди, што детето може да ги доживее во директниот сексуален напад, овој облик на насилство претставува најтрауматичното искуство , кое може едно дете да го доживее. Во исто време претставува и најголема закана за нарушување на нормалниот психофизички развој на детето.

Сексуалното насилство претставува присилување на детето на сексуална активност, која поради возраста не ја разбира во потполност, не се сложува, а не е ниту созреано за таквата активност.

Според кривичниот закон на РСМ, родоскрвение постои кога полнолетно лице ќе изврши обљуба или сличен чин со малолетно лице од семејството или со помал брат или сестра, кој чин е казнив со закон.

Сексуалното насилство, кога еднаш ќе се случи, обично се повторува и трае подолго време, пред се поради стравот на детето , да го пријави на возрасно лице или на надлежните органи. Покрај родителите , насилник може да биде и друго дете, постаро од жртвата или друг возрасен член на семејството.

Постојат два вида сексуално насилство, врз децата во семејството - отворена форма на насилство и прикриено насилство. Отворената форма претставува директно сексуално искористување надетето, додека во прикриено насилство спаѓа прикажување голо тело пред детето, од страна на насилникот, набљудување на голото тело на детето, принудување на порнографија, додирнување и милување на телото на детето.

Занемарување на детето

Занемарување на детето претставува посебен вид насилство во семејството над детето и може да е истовремено со физичко и сексуално насилство.

СЗО го дефинираа занемарувањето како негрижа или пропуст на родителите или лицето кое се грижи за детето, да му овозможи правилен развој во сите области: образование, здравје, исхрана, сместување, безбедни услови за живот, емоционален развој, во рамките на своите можности, што го попречува или може да го попречи здравјето на детето, неговиот физички, психички, морален, духовен или општествен развој.

Според некои автори не можеме да зборуваме за занемарување на детето во сиромашни семејства, каде родителите сакаат, но неможат да им обезбедат на децата услови за нормален развој. Иако занемарувањето обично се случува во семејства со низок стандард, не може точно да се определи дали запоставувањето е намерно или поради нискиот стандард. (Goldstein, Freud, & Solnit, 1973)

Основни облици на занемарување се:

- Физичко - не обезбедува храна, вода,облека, живеалиште;
- Едукативно - не му обезбедува образование;
- Емоционално - не му пружа доволно љубов, подршка и заштита

Питачењето како причина за насилство врз децата

Овој вид насилство претставува активност преку која поединецот бара пари на непознати лица, што претставува посебна опасност за децата. Под питачење може да се смета и продавање на некои мали предмети, како што се крпи за чистење, цвеќе, притоа барајќи пари, кој износ не е соодветен за вредноста на предметот.

Понекогаш питачењето се поистоветува со скитничарењето, бидејќи честопати питачот е скитник, но не и секој скитник е питач. Лицата што питаат може да се поделат во две групи: лица со инвалидитет и болни лица, работно неспособни лица; и лица, кои се работоспособни, а се оддале на некој порок, односно на негативни, социалнопатолошки начин на живот.

Тука треба да ги додадеме и децата кои се принудени на питачење, обично поради низок семеен стандард. Тоа се обично дисфункционални и деградирани семејства, каде децата се приморани да питачат. Со зголемување на возраста на детето, питачењето преминува во потежок облик на деликвентно однесување, извршуваат разни облици на кривични дела, стануваат жртви на проституција или трговија со луѓе.

Доаѓаме до заклучок, дека детското питачење е голем проблем на општеството, кој треба да се согледа и да се пристапи на негово решавање без одложување.

Брачно насилство

Бракот е заедница помеѓу маж и жена, уредена со закон, во која се раѓаат едно или повеќе деца. Бракот претставува основа на семјството. Насилството во бракот е физичко, психичко, економско или сексуално насиство на еден од партнерите, врз другиот партнер. Секој од наведените чинови, без дозвола на партнерот, претставува семејно насилство. Може да биде извршено од страна на мажот над жената и обратно, но најчесто жената е жртва на насилството. Мажот ја искористува својата физичка сила, да ја стави жената во подредена улога, при тоа настојувајќи да предизвика чувство на вина кај жената, а таа да верува дека се беспомошни и дека заслужуваат да бидат омаловажени и казнувани. Психичкото насилство е поопасно од физичкото, остава трајни последици врз психата на жртвата.

Основната карактеристика на брачното насилство е зачестеното повторување, а од страв од насилникот и грижа за децата, жената речиси и не го пријавува насилството. Многубројните

истражувања покажуваат дека мажот насилник е обично авторитарна личност, која има ниско ниви на самодоверба, социјално е изолиран, и има проблеми со алкохолизам и други психотропни супстанции.

Жената жртва на насилство, долго време мисли дека убиство на мажот е единствен излез од ситуацијата и ако дојде до тој степен, семејството доживува потполно распаѓање, бидејќи едниот родител е мртов, другиот е во затвор, а децата остануваат сами. Затоа жените треба да бидат свесни за ситуацијата, а општеството да понуди заштита и максимална подршка на жените, жртви на семејно насилство.

Влијанието на семејното насилство врз развојот на децата

Децата кои живеат во семејства , каде има постојано насилство, секојдневно гледаат што се случува , честопати имаат чувство на вина, нервозни се, со променливи расположение, многу рано почнуваат со пиење алкохол, а често се случува и бегање од дома, за да не присуствуваат на насилството.

Многубројните истражувања на психолозите покажуваат дека децата кои растат во насилна средина, дисфункционално семејство, имаат големи шанси во иднина да израснат во луѓе кои ќе бидат насилни во семејството. Детето кое еднаш е сведок на насилство, останува трауматизирано во текот на целиот живот, а честопати и самите стануваат насилни или развиваат сериозни психички проблеми.

Без разлика дали децата се директни жртви на семејното насилство или се само сведоци на насилството, нивниот емоционален развој се попречува и нивната способност да сакаат други луѓе, да создаваат блиски пријателски односи, но и да бидат сакани, се нарушува.

Многу е важна старосната возраст на децата во периодот кога се случува насилството. При индиректното насилство, децата од предучилишна возраст не се во состојба да разберат што

се случува, но се свесни дека се случува нешто. Обично имаат чувство на вина и стануваат мирни, тивки, малку јадат и се повлечени во себе. За разлика пак од нив, децата на школска возраст, ја разбираат ситуацијата и кај нив се јавува намален интерес за дружење со врсниците, стануваат немирни, агресивни и вниманието на себе го насочуваат кон физичко насилство со други деца.

Колку е детето помало, последиците по неговиот развој, по здравјето и функционирањето се поголеми. Децата во иднина се нестабилни, со променливо расположение и однесување, тешко се концентрираат и имаат проблеми со учењето. Во односот со своите врсници се непријателски настроени и заземаат одбрамбен став.

Насилството во семејството, во периодот на детството, може да доведе до тешкотии во воспоставувањето однос со возрасните луѓе и тој недостаток на љубов и топла семејна атмосфера, децата најчесто ја компензираат со агресивност, антисоцијално и деструктивно однесување , злоупотреба на алкохол и дрога и вршење на кривични дела. (Jurak, 2002)

Со еден збор, растењето во дисфункционално семејство, во кое насилството е секојдневна појава, во голема мера негативно влијае на социјализацијата на децата и нивната можност да се вклопат во општествените норми.

1.15 Врсничко насилство како реакција на дисфункционалното семејство и семејното насилство

Врсничкото насилство во литературата се поистоветува со насилство помеѓу врсници во училиштето и обично за врсничко насилство се користи англискиот збор „bullying”. Попознато како врсничка виктимизација или врсничко вознемирување, врсничкото (училишно) насилство е

дефинирано како физичка, вербална или психолошка злоупотреба на жртви од насилници кои намерно им нанесуваат повреди. (Олвеус, 1993)

Критичните карактеристики кои го дистанцираат врсничкото насилство од едноставен конфликт помеѓу врсници се: намерата да се предизвика штета/болка, повторливите инциденти и небалансот на сила помеѓу насилникот и жртвата. Некои примери на небаланс на сила се физичката сила (физички посилните врсници ги "закачаат" помалку силните); постарите ученици извршуваат насилство врз помладите или нумерички голема група на ученици вршат насилство врз нумерички мала група.

Удирање, шутирање, нарекување со погрдни имиња, ширење на невистини, ексклузија и засрамувачки гестови (превртување со очи) од помоќните врсници се примери за насилство што е со физичка, вербална или психолошка природа.

Некои дефиниции на насилство велат дека вознемирувањето мора да биде повторувано во одреден интервал, за да се смета за врсничко насилство. Без разлика, дури и еден трауматичен инцидент на врсничка виктимизација може да биде болен и да разбуди страв од континуирано злоставување.

Човекот се раѓа со одредена доза на агресија, која понатаму во животот се обликува под влијание на личните и социјалните фактори. Уште во периодот на детството се стекнува способност човекот да се справи со своите нагонски способности, па и со агресијата.

Во периодот помеѓу две и четири години, детето користи агресивност, за да го добие тоа што го сака. Овде најголема улога за поставување на границите, што детето смее, а што не смее, имаат родителите. Во предшколска и рана школска возраст, кај детето најизразено се јавува непријателството и агресијата кон други деца, за да дојде до целта. Тоа е т.н. хостилна агресија, која најмногу се гледа преку желбата да се има нешто што го има друго дете, преку одземање.

Денес се почесто се објавуваат информации во медиумите и социјалните мрежи за врсничко насилство, причините за негово појавување, облиците и последиците од него. Олвеус истакнува дека врсничкото насилство е „акт на насилство кое се зачестено повторува, а се состои од намерно повредување на друго дете и нанесување психички и физички повреди“. До појава на врсничко насилство доаѓа под влијание на многубројни фактори, а еден од најважните меѓу нив е семејството.

Како најважни семејни фактори се издвојуваат, неефективното родителство, семејната дисфункционалност, структурата на семејството, психопатологијата на родителите, занемарувањето и злоставувањето на децата. Растејќи во страв од агресија на родителите, неможејќи да се спротистави на родителот, детето почнува да се идентификува со нив, како би го намалиле сопствениот страв, а физички злоставуваните деца се почесто се агресивни кон послабите од нив. Често пати насилничкиот модел од родителот, детето го применува во училиштето и почнува насилнички да се однесува кон неговите врсници.

Според Олвеус, родителското воспитување и условите во семејството најмногу влијаат на појавата на насилство кај децата. Тој смета дека недостаток на топлина, љубов и внимание од родителите во најмалата возраст на децата, ја зголемува опасноста од насилство во иднина, посебно кај момчињата. Агресивноста и однесувањето на родителите во домот и семејството, децата ги применуваат во училиштата.

Секако постојат и деца насилници, кои потекнуваат од семејства во кои родителите не се однесуваат насилнички, но поради не поставените граници на однесување или занемарување во воспитувањето, децата се однесуваат агресивно кон своите врсници.

Николич Ристанович смета дека семејното насилство станува модел на однесување кое се пренесува од генерација на генерација и претставува манифестирање на моќ и контрола над жртвата, резултирајќи со нарушување на доменот на сигурност.

Врсничкото насилство се манифестира преку психичко насилство (нарекување со погрдни зборови, исмејување, оговарање, застрашување, исклучување од групата, одземање или уништување на материјални работи), физичко насилство (удирање, шамарење, давење, гризење) и сексуално насилство (секој вид на вербален, гестовен, физички контакт со сексуална содржина, со цел вознемирување и намерно нанесување физичка и психичка болка и срам на детето).

Жртвата на врсничко насилство обично е повлечено и плашливо дете, кое е несигурно во себе. Поради слабата самопочит и негативниот став за себе, тоа дете е мета на агресивниот врсник, кој своето незадоволство го манифестира преку нанесување болка на друг. Детето, жртва на врсничко насилство, не се спротиставува на агресијата, туку реагира со повлекување и плачење и обично нема пријателик, освен оние кои исто така се жртви на врсничко насилство. Последиците од врсничкото насилство се огромни, како во детството, така и во возрасниот период.

Врсничкото насилство е голем општествен проблен, посебно опасност претставува фактот дека се почесто се зборува за тешки телесни повреди или дури и смрт, после тоа. Оние што биле изложени на врсничко насилство имаат зголемен ризик за проблеми со менталното здравје, главоболки и проблеми при прилагодување на училиште. Исто така, може да предизвика долготрајна штета на самодовербата. Децата стануваат срамежливи и плашливи, не одат на училиште, учат помалку, тажни се, не се расположени за дружење, а понекогаш и тие стануваат насилни. Ако оваа ситуација трае подолго, и ако на детето не му се помогне, ова може вечно да се одбележи на личноста на детето кое претрпело насилство. Може да станат срамежливи и несреќни кога ќе бидат возрасни или може само да почнат да се однесуваат насилно.

Познато е дека децата тешко разговараат за оваа тема. Сепак, постојат различни знаци за предупредување кои може да помогнат да ги препознаеме или да се посомневаме дека едно дете можеби е малтретирано, а главно, се однесуваат на стравот поврзан со училиштето.

Доколку насилството се случува на патот од дома до училиште, детето ќе го избегнува патот, ќе ја менува вообичаената рута, ќе побара родителите да го носат во училиште и сл. Понекогаш доаѓаат дома со оштетена облека или книги, имаат необјасниви модринки или исеченици. Многу често тие деца даваат знаци дека се чувствуваат осамено, депресивни се, тажни, исплашени, несигурни и со ниска самодоверба. Доколку се работи за сајбер-насилство, се воочува намалено користење на компјутерот или на мобилниот телефон. На децата, главно, не им е лесно да се доверат на возрасните за тоа што го доживеале. Тоа што родителите можат да го направат е да разговараат со детето за тоа како да постапи ако се најде во ситуација кога ќе биде изложено на насилство, да му се даде до знаење дека во тие ситуации може да смета на помош и на поддршка од своите родители.

1.16 Превентивни мерки

1.16.1 Здраво и безбедно опкружување

Искоренувањето на врсничкото насилство од училиштата е долг процес кој бара голема посветеност од страна на наставниците, психолозите и родителите. Многу е важно да се подигне свеста за сериозноста и честотата на оваа појава. Неоспорен е фактот дека насилството е присутно во училиштата, само треба да бидеме објективни и да го признаеме овој факт. Понатамошен чекор би било наставниците да научат како да ги препознаваат формите на насилство, особено кога се работи за емоционално и физичко малтретирање. Понекогаш, знаците не се толку очигледни, но секој наставник може да забележи дали некој од учениците се повлекува во себе, не сака да се дружи и не се чувствува безбедно во училишната средина. Доколку се потврди дека постои врсничко насилство во училницата, не треба веднаш да се

прибегне кон казнување на насилниците. Многу поважно е да се разговара со двете за да се откријат вистинските причини кои довеле до насилно однесување, односно, до малтретирање.

Децата кои знаат што е врсничко насилство и може подобро да го идентификуваат. Тие можат да зборуваат за насилство доколку им се случува на нив или на другите. Децата треба да знаат начини за безбедно спротиставување на малтретирање и како да добијат помош.

Потребно е децата да зборуваат со возрасен ако се малтретирани или доколку знаат дека другите се малтретирани. Возрасниот може да даде утеха, поддршка и совети, дури и ако тие не можат директно да го решат проблемот. Значи потребно е детето да пријави врсничко насилство ако тоа се случи. Да останат блиску до возрасни или групи на други деца.

1.16.2 Здружување на родителите во борба против врсничкото насилство

За да се спречи агресивното однесување на учениците, особено е важна континуираната и здрава соработка помеѓу родителите и училиштата. Ова треба да оди во насока на заемно информирање за сите нетипични однесувања кои ќе се детектираат кај детето, без разлика дали станува збор за врсничко насилство или за некој друг проблем. Градењето на здрави личности започнува од дома, а продолжува на училиште. Затоа, функционалноста на овие два фактора е и поединечно и во спрега, и е од големо значење за превенција и анулирање на појави на врсничкото насилство.

Училишниот кадар може да направи многу за да спречи врсничко насилство и да ги заштити учениците, но тие не можат да го направат тоа сами. Родителите и младите исто така играат улога во спречувањето на врсничкото насилство во училиште. Еден механизам за ангажирање на родители и млади - училишен комитет за безбедност, може да ја доведе заедницата заедно за да се спречи врсничко насилство а училиштето да остане активно и фокусирано.

Работилници на тема инклузија, толеранција и почитување треба да бидат организирани од страна на образовниот систем и училиштата бидејќи тие придонесуваат за создавање пријатна клима во која насилничкото однесување остро се осудува, а од друга страна, кај учениците се гради разбирање за потребата да се почитува секој поединец и неговите разлики. На тој начин, материјалот кој се однесува на превенција од врсничко насилство би бил вграден во планот и програмата во школските активности.

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Спроведеното истражување се состои од два дела:

- Прибирање на податоци за децата учесници во врсничкото насилство;
- Обработка на добиените податоци.

Истражувањето е спроведено во основните училишта во општина Делчево, со претходна согласност на родителите и се опфатени ученици на возраст од 10 до 15 години.

2.1 Методи и техники на истражувањето

Во истражувањето беше користено дескриптивен статистички метод, со кој се претставени бројот на испитаници според полот, возраста и типот на семејство во кое живеат (функционално или дисфункционално). За обработка на податоците беше применета програмата SPSS, а при тестирањето и докажувањето на хипотезите е користено Т-тест. Во прибирање на податоците е применувано Скала за проценка на врсничкото насилство и Скала на родителските воспитни стилови.

2.2 Предмет, значење, цели и задачи на истражувањето

Постојаните промени во општеството, транзициите и преселбите на луѓето од едно место на друго, најсилно негативно вијание имаат на категоријата луѓе кои ги одредуваме како деца и малолетници, кои што се неоформени личности во развојот, особено врз нивната социјализација. Нивното непристојно, нехумано, престапничко, деликвентно и криминално однесување, се доказ на несоодветната социјализација на младите луѓе, за развојот и формирањето на нивниот идентитет, воспитувањето и образованието, до отсуство и непочитување на системот на вредности кој е цивилизациско достигнување, општоважечки, човечки, општоприфатен и почитуван. Тој недостаток на смисла за поседување на систем на вредности се огледува во нивното барање, смисла во себе и смислата на животот, во деструктивното, асоцијалното однесување, вандализмот, егоизмот, себичноста, во препуштање на нагонските побуди, злоупотребата на дрога и алкохол, на самоволието, насилството и криминалитетот, кои претставуваат последици од воспитувањето без вредности.

Неразрешувањето на противречностите, несоздавањето на услови за правилен развој на младата генерација, ја турка истата во деструкција, девијантност и деликвенција, Во услови на недоволно посветеност на своите деца, на нивото воспитување, насочување и укажување на вистинските вредности и во отсуство на неадекватно ангажирање во слободното време, постојат реални предуслови истите тие полесно да станат престапници.

Малолетничката деликвенција од година во година покажува карактеристики на поголема агресивност. Агресијата како модел и стил на однесување е присутен кај младите кои често се анксиозни, фрустирани и со многу низок степен на толеранција, што се одразува и во зголемен број на физички напади во поново време меѓу врсниците од различна етничка припадност.

Менталното здравје кај децата е многу кревко и подложно на секаков вид сила, закана, злоупотреба, заплашување или агресивно доминирање. Сите овие однесувања ги претставува

врсничкото однесување. Насилното однесување е несакано, агресивно однесување кое сè почесто се манифестира и кај децата на училишна возраст. Во основа, претставува физичка или вербална агресија која се повторува или има потенцијал да се повтори со текот на времето. (Котева-Мојсовска, 2006) И двете страни, децата кои се малтретирани и оние кои малтретираат други, може да имаат сериозни и трајни последици. Врсничкото насилство може да се јави во повеќе различни облици и тоа: вербално насилство, психичко насилство, физичко насилство, социјално насилство и во поново време, со развојот на социјалните мрежи и интернетот, многу актуелно е сајбер насилството.

Доколку ги прашаме самите насилници зошто малтретираат свои соученици, ниту самите нема да знаат да одговорат. Но најчесто како причина се јавува љубомората, потребата за внимание, кое што го немале од своите родители, лутина, желба за надмоќ.

Предмет на спроведеното истражување е да се истражи влијанието на семејната средина, како фактор за појава на детското врсничко насилство на територијата на општина Делчево. Ова истражување е спроведено, за да се стекне целосна слика за овој општествен проблем, да се идентификува влијанието на дисфункционалното семејство врз социо-емоционалниот развој на децата во училишна возраст, како и да укаже на последиците кои што ги предизвикува врсничкото насилство, и врз децата кои се жртви на насилството и врз децата кои што се насилници. Како дисфункционални семејства се земени повеќе видови, односно се истакнати и причините поради кои семејствата станале дисфункционални и поради таа нивна состојба извршиле негативно влијание врз социо-емоционалниот развој на нивното дете/ца кои се ученици.

Главните цели на истражувањето се да се испита влијанието на семејната средина врз појавата на агресивно однесување на децата и да се испита влијанието на полот и возраста врз појавата на врсничко насилство.

Посебни цели кои ги има ова истражување се:

i. Испитување на дисфункционалноста во семејството поради семејно насилство и влијанието врз социјалниот и емоционалниот развој на децата кои се на возраст од 10 до 15 години;
ii. Влијанието на деструктивното семејство врз агресивното однесување на децата;
iii. Испитување на застапеноста на полот и возраста на децата кои вршат насилство;
iv. Испитување на застапеноста на полот и возраста на жртвите на врсничко насилство;
v. Испитување на свесноста за постоењето на врсничкото насилство

Задачите на истражувањето се: да се испита влијанието на деструктивниот однос на родителите врз однесувањето на децата кои доаѓаат од дисфункционални семејства, да се направи споредба во однесувањето на децата кои доаѓаат од функционални семејства и деца кои доаѓаат од дисфункционални семејства, да се испита влијанието на полот и возраста на учесниците вршители на насилство и да се испита влијанието на полот и возраста на жртвите на насилство.

2.3 Хипотези

Главна хипотеза

Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу дисфункционалното семејство и агресивното однесување на децата во однос на полот и возраста на децата.

Подхипотези

i. Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу агресивното однесување на деца од машка популација и функционалноста на семејството во кое живеат.

ii. Децата од дисфункционални семејства се однесуваат поагресивно во однос на децата од функционални семејства.

iii. Децата од дисфункционални семејства се жртви на врсничко насилство.

iv. Децата од женски пол кои што живеат во дисфункционални семејства се однесуваат повлечено и најчесто се жртви на врсничко насилство.

2.4 Варијабли на истражувањето

Зависна варијабла

- Однесувањето на децата.

Независни варијабли

- Полот
- Возраста
- Типот на семејство (функционално, дисфункционално)


3. РЕЗУЛТАТИ

Во истражувањето беа вклучени вкупно 104 испитаници, од кои 63 испитаници се член на функционално семејство, а 41 се член на дисфункционално семејство (Графикон 1).



* Графикон 1: Број испитаници по тип семејство

Од вкупната бројка испитаници, 48 се од машки пол, а 56 од женски пол (Графикон 2).



* Графикон 2: Број испитаници по пол

Од членовите на дисфункционално семејство, 24 се од машки пол, а 17 од женски пол. Испитаниците се на возраст од 10 до 15 години, со средна возраст од 12.32 години. Во графиконот подолу е прикажан број на испитаници по возраст.



* Графикон 3: Број испитаници по возраст


3.1 Дескриптивна статистика

	пол	тип на семејство	вербален насилник	социјален насилник	физички насилник	вербална жртва	социјална жртва	физичка жртва	возраст
Mean	1.54	3.39	7.41	6.80	7.09	8.05	7.60	7.79	12.32
Standard Error	0.05	0.05	0.22	0.16	0.16	0.29	0.25	0.23	0.15
Mode	2	3	6	6	6	6	6	6	11
Median	2	3	6	6	6	7	7	7	12
First Quartile	1	3	6	6	6	6	6	6	11
Third Quartile	2	4	8	7	8	9	8	9	13
Variance	0.25	0.24	5.10	2.76	2.72	8.73	6.30	5.35	2.47
Standard Deviation	0.50	0.49	2.26	1.66	1.65	2.95	2.51	2.31	1.57
Kurtosis	-2.01	-1.84	1.94	14.16	2.51	5.09	8.91	3.47	-1.05
Skewness	-0.16	0.44	1.65	3.25	1.67	2.12	2.70	1.71	0.18
Range	1	1	10	11	7	15	14	11	5
Minimum	1	3	6	6	6	6	6	6	10
Maximum	2	4	16	17	13	21	20	17	15
Sum	160	353	771	707	737	837	790	810	1281
Count	104	104	104	104	104	104	104	104	104

* Табела 1: Дескриптивна статистика на податоците од истражувањето

Во табелата можеме да ја видиме средната аритметичка вредност по тип агресивно однесување (вербален, социјален и физички насилник) и средната аритметичка вредност по тип жртва на bullying (вербална, социјална и физичка). Од вредностите на Skewness и Kurtosis, можеме да заклучиме дека дистрибуцијата на соберените податоци за вербален, физички и

социјален насилник и вербална, физичка и социјална жртва се ‘Right-Skewed’. Во графиконите подолу детално е прикажана дистрибуцијата на овие параметри.



* Графикон 4: Број испитаници по одговор при ‘Социјален насилник’



* Графикон 5: Број испитаници по одговор при ‘Физички насилник’



* Графикон 6: Број испитаници по одговор при ‘Вербален насилник’



* Графикон 7: Број испитаници по одговор при ‘Социјална жртва’



* Графикон 8: Број испитаници по одговор при ‘Физичка жртва’



* Графикон 9: Број испитаници по одговор при ‘Вербална жртва’

3.2 Анализа

1) Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу дисфункционалното семејство и агресивното однесување на децата во однос на полот и возраста на децата.

- Средна вредност по тип агресивно однесување кај деца од машки пол во дисфункционални семејства:

Тип агресивно однесување	Средна вредност
Вербален насилник	9.459
Социјален насилник	7.875
Физички насилник	8.542

- Средна вредност по тип агресивно однесување кај деца од женски пол во дисфункционални семејства:

Тип агресивно однесување	Средна вредност
Вербален насилник	8.706
Социјален насилник	7.706
Физички насилник	7.412

Во горенаведените табели можеме да видиме дека кај децата од машки пол имаме поголема средна вредност при сите типови на агресивно однесување (вербален, социјален и физички насилник) наспрема децата од женски пол. Според добиените резултати, можеме да заклучиме дека е присутна статистички значајна поврзаност помеѓу дисфункционалното семејство и агресивното однесување на децата во однос на полот, каде имаме поголема застапеност кај децата од машки пол.

- Корелација меѓу степенот на агресивно однесување и возраста на децата во дисфункционални семејства:

Pearsons correlation	0.504

Според добиената корелација > 0.5, можеме да видиме дека агресивното однесување кај децата од дисфункционално семејство е позастапено кај тие со поголема возраст. Според тоа, моежеме да заклучиме дека е присутна статистички значајна поврзаност помеѓу дисфункционалното семејство и агресивното однесување на децата во однос на возраста на децата.

2) Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу агресивното однесување на деца од машка популација и функционалноста на семејството во кое живеат.

One Sample t-test (Test value = 10)	
Sample size	24
Mean	8.625
t	3.19413
Df	23
P-value	.00
Lower 95.0%	7.73449
Upper 95.0%	9.51551

По направениот One Sample t-test, со тест вредност од 10 (вредноста е земена како средно висок показател на агресивно однесување), на база податоци од деца од машки пол во дисфункционални семејства, се доби резултат t = 3.19413. Резултатот ни покажува дека е присутна статистички значајна поврзаност помеѓу агресивното однесување на деца од машка популација и функционалноста на семејството во кое живеат со ниво на значајност $p < 0.01$.

3) Децата од дисфункционални семејства се однесуваат поагресивно во однос на децата од функционални семејства.

- Средна вредност на степенот на агресивно однесување кај деца од функционални семејства:

Тип агресивно однесување	Средна вредност
Вербален насилник	6.286
Социјален насилник	6.143
Физички насилник	6.444

- Средна вредност на степенот на агресивно однесување кај деца од дисфункционални семејства:

Тип агресивно однесување	Средна вредност
Вербален насилник	9.146
Социјален насилник	7.805
Физички насилник	8.073

Во горенаведените табели можеме да видиме дека средната аритметичка вредност е поголема при сите типови на агресивно однесување кај децата од дисфункционално семејство, наспрема децата од функционално семејство. Според добиените резултати, можеме да заклучиме дека децата од дисфункционални семејства се однесуваат поагресивно во однос на децата од функционални семејства.

4) Децата од дисфункционални семејства се жртви на врсничко насилство.

One Sample t-test (Test value = 11)	
Sample size	41
Mean	9.60163
t	3.46321
Df	40
P-value	.00
Lower 95.0%	8.78556
Upper 95.0%	10.4177

По направениот One Sample t-test, со тест вредност од 11 (вредноста е земена како средно висок показател на bullying жртва), на база податоци од деца од дисфункционални семејства се

доби резултат t = 3.46321. Резултатот ни покажува дека е присутна статистички значајна поврзаност помеѓу нивото на функционалност на семејството и степенот на bullying жртва, со ниво на значајност $p < 0.01$.

5) Децата од женски пол кои што живеат во дисфункционални семејства се однесуваат повлечено и најчесто се жртви на врсничко насилство.

One Sample t-test (Test value = 13)	
Sample size	17
Mean	10.098
t	3.81088
Df	16
P-value	.00
Lower 95.0%	8.48374
Upper 95.0%	11.7123

По направениот One Sample t-test, со тест вредност од 13 (вредноста е земена како средно висок показател на bullying жртва кај деца од женски пол), на база податоци од деца од женски пол во дисфункционални семејства се доби резултат t = 3.81088. Според добиените резултатие можеме да заклучиме дека децата од женски пол кои што живеат во дисфункционални семејства најчесто се жртви на bullying, со ниво на значајност $p < 0.01$.

4. ДИСКУСИЈА

Семејството, како примарна институција на социјализацијата на поединецот е првичното место која го обликува однесувањето на едно дете. Тоа е местото што има најголемо и најдолго влијание во секој аспект од животот на еден малолетник. Ова е причината зошто научната заедница става посебен акцент на врската помеѓу семејните средини и врсничкото насилство.

Ако сакаме да добиеме претстава за тоа што точно претставува дисфункционалното семејство, треба точно да знаеме, што е и како функционира функционалната семејна заедница. Според психологот John Bredshow, функционалниот семеен систем е почвата која овозможува:

- Реализирани емоционални потреби за сите членови во семејството;
- Баланс помеѓу автономноста и зависноста;
- Подготовка за социјален соживот и сексуална култура;
- Еднакви услови за правилен раст и развој на секој член во семејството, а не само на децата;
- Средина, во која личноста ја гради самодовербата.

Според тоа, карактеристиките на едно функционално семејство се високиот степен на сопственото спознание и спознание за другите, јасно чувство за лична одговорност, самокритичност и способност за искажување на сопствените чувства и желби.

Во функционалното семејство постојат јасно поставени правила, незадоволството се споделува со останатите членови во семејството, конфликтите не се прикриваат, туку се решаваат на смирен и демократски начин, преку взаемна комуникација. Членовите во семејството се подржуваат, си помагаат, заедно работат во пронаоѓање на решение за проблемската ситуација.

Додека пак во дисфункционалното семејство, ситуацијата е во целост различна. Проблемите не се решаваат, а се прикриваат, се избегнуваат или се решаваат со употреба на агресија. Членовите на ваквите семејства не се чувствуваат слободни да ги изразат своите чувства, желби, потреби, доживувања. Имајќи во предвид дека децата, првите најважни 6 години од животот ги поминуваат во семејството, без сомнение можеме да кажеме, дека семејството ја определува иднината на децата. Но не можеме да го побиеме и фактот дека понатаму во животот,

секое дете само одлучува каков човек ќе биде, независно дали доаѓа од дисфункционално или функционално семејство. Живеејќи во едно такво семејство, децата се идентификуваат со родителите, ги прифаќаат особините и однесувањето на родителите. Па се создаваат личности, кои не се научени на емпатија, не знаат за убаво однесување, незнаат како да ги решаваат своите проблеми. Многу често и самите предизвикуваат конфликтна ситуација и покажуваат агресивно однесување помеѓу своите врсници.

Врсничкото насилство не е непозната појава. Тоа е проткаено заедно со почетоците на училиштето како институција. Докази за насилството меѓу деца врсници има многу, а една од неговите дефиниции е:

> „Врсничкото насилство претставува повеќе димензионална појава која произлегува од сложеноста меѓу семејните односи, односи меѓи врсниците, училишната заедница и култура.“
>
> (Swearer & Doll, 2001; Swearer & Espelage, 2004)

Многу научни истражувачи се фокусираат на тоа како методите на воспитување избрани од страна на родителите, влијаат врз агресивното однесување на еден малолетник.

Тргнувајќи од фактот, дека се зголемува бројот на дисфункционалните семејства, а со тоа и бројот на деца кои се насилници или пак жртви, предизвик ми беше да направам истражување во мојата општина , конкретно во училиштата, да дознаеме колкава е застапеноста на врсничкото насилство во помалите градови, како што е Делчево.

Исто така, предизвик е да се дојде до универзална вистина за тоа што точно влијае и што е причината за агресивното однесување на еден малолетник и дали полот и возраста играат улога во тоа. Од спроведеното истражување може да заклучиме дека дисфункционалното семејство е голем индикатор за тоа дали еден негов член има тенденција да се однесува агресивно спрема своите врсници. Исто така утврдивме дека машките бележат поголем степен на агресивно

однесување наспрема женските, но и тоа дека силеџиството е позастапено кај повозрасните малолетници.

Во една студија од 688 машки и женски испитаници (од кои 222 биле во 7-мо и 8-мо одделение), спроведена од Картал и Билгин (2011), е откриено дека тројца од четворица ученици некогаш биле вклучени во некаков тип на врсничко насилство (како насилник или жртва). Исто како резултатите од моето истражување, најдоминантен тип на насилство било вербалното (според средната вредност на степенот на вербално насилство наспрема физичкото и социјалното).

Тие откриваат дека момчињата имале повисоки нивоа на вклучување во малтретирање (улога на насилник) во споредба со девојчињата, што се поклопува со резултатие од моето истражваување, но од друга страна, и дека тие се повеќе изложени на малтретирање (улога на жртва) - спротивно на моите резултатие, каде согледавме дека женските индивидуи се повеќе подложени на врсничко малтретирање. Нешто интересно што забележуваат е дека

> „...постои посебна перцепција за машките ученици кои се физички послаби и девојчињата кои се ниски, како некои од причините да бидат жртва на врсничко насилство.“
>
> (Kartal & Bilgin, 2011).

Исто како во студијата на Картал и Билгин, каде откриваат дека врсничкото насилство е најзастапено кај испитаниците во 7-мо и 8-мо одделение, во едно друго истражување (Chapell et al.; 2006, Frisen et al.; 2007), е исто така покажано дека агресивното насилство е повеќе застапено кај децата меѓу 11 и 15 години, и дека со зголемувањето на возраста, се намалува изложбата како жртва на насилство.

ЗАКЛУЧОК

Според досегашните истражувања, според многубројните напишани научни трудови и излагањата на психолозите и социолозите, можеме да заклучиме дека семејството не е само збир на членови во една заедница, туку вистинското функционално семејство, обезбедува услови за формирање на здрави психофизички и социјлизирани личности, кои во понатамошниот живот се независни и умеат да се справуваат со ситуациите во кои што ќе се најдат. Од друга страна пак, самите тие се способни да формираат семејство кое ќе обезбедува услови за правилен раст и развој на своето потомство.

Дисфункционалното семејство е со нарушени внатрешни семејни односи, каде нема добра комуникација меѓу членовите, проблемите не се решаваат, само се натрупуваат. Помеѓу членовите постои нетрпеливост, нема емпатија, нема чувство на љубов и заштита. Родителите се однесуваат агресивно како помеѓу себе, така и со нивните деца. Децата се сведоци на нивните секојдневни несогласувања, па почнуваат да се идентификуваат со родителите и тоа однесување да го применуваат и во училиштето. Децата се почесто влегуваат во конфликтни ситуации со своите врсници, стануваат склони кон агресивно однесување. Таа врсничка нетрпеливост, прераснува во врсничко насилство, кое зема се поголем подем.

Според моето истражување, се докажа дека децата кои што живеат во дисфункционални семејства, се однесуваат поагресивно отколку децата што живеат во функционални семејства. Студијата покажа дека децата од машки пол обично се вклучуваат почесто во врсничко насилство и дека тоа е позастапено кај повозрасните деца. Понатаму, резултатите покажаа дека децата од дисфункционални семејства се почеста жртва на агресивно однесување и дека децата од женски пол се почеста жртва на насилство наспрема децата од машки пол.

ПРЕПОРАКИ

Агресивното однесување негативно влијае врз психичкиот развој на детската личност. Понекогаш може да остави и трајни последици врз психичкиот и ментален живот на детето. Едно исто дете може да биде и жртва и насилник, во исто време.

Земајќи ги во предвид резултатите од спроведеното истражување, сакам да се обратам до сите родители, наставници, професори, стучните тимови во училиштата, социолози, педагози, психолози, како и до директорите на соодветните институции, да обратат поголемо внимание на постоечкото врсничко насилство , како и спречување на истото.

Многу е важно навреме да бидат идентификувани симптомите на насилство, посебно кај детето жртва, оставајќи длабоки траги на неговото ментално здравје и однесувањето во понатамошниот живот. Се покажа дека врсничкото насилство се повторува, било да е во облик на вербално насилство, психичко насилство или физичко насилство, па затоа неговото спречување е од голема важност.

Литература

1. Ante Vukasović (1990). Pedagogija. Zagreb
2. Ајдуковиќ, М., Печник, Н. (1994), Злостављање и занемаривање дјеце у обитељ, Ревија за социјалну политику, Загреб
3. Ајдуковиќ, М.,(2008), Социјални проблеми, социјални ризици и савремени социјални рад, Загреб
4. Allie C. Kilpatrick, Thomas P. Holland. Working with Families: An Integrative Model by Level of Need, 5th Edition
5. Anderson, C. A., & Dill, K. E. (2000). Video games and aggressive thoughts, feelings, and behavior in the laboratory and in life. Journal of Personality and Social Psychology, 78(4), 772–790. https://doi.org/10.1037/0022-3514.78.4.772
6. Бабиќ, А. (2004), Емоционална интелигенција и неки показатељи прилагодбе код ученика ране адолесцентне доби, Дипломски рад, Филозофски факултет, Ријека
7. Бабиќ, Чикеш, А., Бушко, В (2015), Емоционална интелигенција у раној адолесценцији: корелати способности управљања емоцијама и предикција школског успјеха, Друштвена истраживања
8. Baillargeon, R., Tremblay, R. &Willms, J. D. (2002). Physical agression among toddlers: does it run in families? inVulnerable children: Findings from Canad's Longitudinal Study of Children and Youth, J. D. Willms (Ed.),University of AlbertaPress.
9. Bacon, M. K. &Ashmore, R. D. (1986). A consideration of the activities of parents and their role in the socialization process. In R.D. Ashmore& D. M. Brodzinsky (Eds.), Thinking about the family: Views of parents and children Hillsdale. NJ: Erlbaum.
10. Bratanić, M. (1990). Mikropedagogija-interakcijsko-komunikacijski aspekt odgoja. Zagreb: Školska knjiga
11. Bowlby, J. (1968). Attachment and Loss, Vol. 1: Attachment. New York: Basic Books.
12. Борнарова, С., (2012), Социјална работа со семејство, Скопје
13. Буришиќ, Ј., Тадиќ, М. (2006), Улога самопоштовања у односу црта личности и невербалних социјалних вјештина, Друштвена истраживања
14. Chapell, M., Hasselman, S.L., Kitchin, T., Lomon, S.N., Maclver, K.W., Sarullo, P.L. (2006). Bullying in elementary school, high school, and college. Adolescence, 41(164).
15. Conger, R. D., Patterson, G. R., & Ge, X. (1995). It takes two to replicate: A mediational model for the impact of parents' stress on adolescent adjustment. Child Development, 66(1), 80–97. https://doi.org/10.2307/1131192
16. Doll, B., Song, S., & Siemers, E. (2004). Classroom ecologies that support discourage bullying. In: L. Espelage & M. Swearer (Ed), Bullying in American schools: A social ecological perspective on prevention and intervention. New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates, Inc.

17. Freud, S. (1966) Project for a Scientific Psychology (1950/1895) in Complete Psychological Works. Hogarch Press, London.
18. Frisen, A., Jonsson, A., & Persson, C. (2007). Adolescents' perception of bullying: who is the victim? who is the bully? what can be done to stop bullying? Adolescence, 42(168)
19. Friedrich Engels (1884). The Origin of the Family, Private Property and the State
20. Видановиќ, И.,(1997), Појединац и породица – методе, технике и вештине социјалног рада, Белград
21. D.P. Kaur & R. Singh (1981) Parent-adult offspring correlations and heritability of body measurements in a rural Indian population, Annals of Human Biology, 8:4, 333-339, DOI: 10.1080/03014468100005131
22. Gardner, H. (1998). A multiplicity of intelligences. Scientific American
23. Goldstein, J., Freud, A. &Solnit, J. A. (1973). Beyond the best Interests of the Child. New York: Free Press.
24. Golubovic, Z. (1991). Porodica kao ljudska zajednica. Zagreb: Naprijed.
25. Goldenberg, I., & Goldenberg, H. (2004). Family therapy: An overview (6th Ed.). London: Thompson
26. Haralambos, M. & Holborn, M. (2002). Sociologija: teme i perspektive. Zagreb: Golden Marketing.
27. Ilić, M. (2004). Porodične uloge u pedagoškojteoriji i praksi. Filozofski fakultet, Banja Luka, RepublikaSrpska, BiH.
28. Jurak, A. (2002). Roditelji – prviodgojiteljisvojedjece. Don Boscodanas. Br. 1
29. John Bradshaw (1985). Bradshaw On: The Family: A New Way of Creating Solid Self-Esteem
30. Kaplan, I., (1986), Working with the Multiproblems Family, Lexington
31. Kartal, Hülya & Bilgin, Asude. (2009). Bullying and School Climate from the Aspects of the Students and Teachers. Eurasian Journal of Educational Research. 36. 209-226.
32. Котева-Мојсовска, Т. (2006). Семејнотовоспитание и социјалното однесувањенадецата, Скопје.
33. Лакинска, Д., (1987), Семејството и воспитанието, Скопје
34. Лукович, И. (2004). Односи и вредности у породичномваспитањудеце: Између традиционализма и модернизма. Институтзапедагошка истраживања, Београд.
35. Милић Анђелка, Социологија породице-критика и изазови, Београд, 2001, Чигоја штампа
36. Милић Анђелка, Историја породице-изазов историји и социологији, Зборник филозофског факултета, Серија Б, Друштвене науке, Филозофски факултет, Београд, бр. 15, (1988), стр. 359-372
37. Maria Papanikolaou, Thomai Chatzikosma, Koutra Kleio. (2011). Bullying at School: The role of family. Tecnological Educational Institute of Crete, Heraklio, Greece, Social Work Department.

https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1877042811027212?via%3Dihub
38. Mayseless O. (1996). Attachment Patterns and Their Outcomes. Human Development
39. McAdams, C. R. III & Foster, A. V. (2007). Dysfunctional Family Structures and Aggression in Children: A Case for School-Based, Systemic Approaches With Violent Students. East Carolina University, The College of William & Mary
40. Murdock, G.P. (1949). Social Structure, New York: The MacMillan Company
41. Napier, J. N. (1990). Recreating Your Self: Help for Adult Children of Dysfunctional Families. W.W. Norton & Company, New York.
42. Olweus, D. (1993). Bullying at school: What we know and what we can do. Malden, MA: Blackwell Publishing
43. Пејић, Р. (2007). Улогародитеља и њиховодноспремадетету. Филозофски факултет, ИсточноСарајево.
44. Петровска, С. (2009). Семејството и воспитаниетонадецата. Штип.
45. Petrovic, M. (1955). ZastitaDece u odnosunaporodicu: Poremecaji ponasanja kod dece i porodica, Beograd.
46. Patricia Minuchin (1985). Families and Individual Development: Provocations from the Field of Family Therapy
47. Patterson, J.M. (1996). Family research methods. In C.A. Heflinger & C.T. Nixon (Eds.), Families and the mental health system for children and adolescents (pp. 117-144). Thousand Oaks, California: Sage Publications
48. Pjurkovska-Petrović, K. (1990). Dete u nepotpunojporodici. Beograd: Prosveta
49. Радуловиќ, М., (2017), Семејството во стратегиите на Европската Унија, Скопје
50. Спировиќ, М. Л. (1981). Дилеми на современото семејство. Студентски збор, Скопје
51. Richman, A. L., Miller, P. M. & LeVine R. A. (1992). Cultural and educational variations in maternal responsiveness. Developmental Psychology, 28, 614-621
52. Robert F. Bales, Talcot Parsons (1956). Family: Socialization and Interaction Process
53. Seth, M., Saksena, N. K. & Srivastava, R. K. (1978). Child-rearing attitudes of rural and urban mothers: A comparative study. Child Psychiatry Quarterly, 11(2), 26-30
54. Stanojlović, B. (1994). Porodica i vaspitanjedece. Beograd: Naučnaknjiga
55. Stoop, D. & Masteller, J. (1997). Forgiving Our Parents, Forgiving Ourselves: Healing Adult Children of Dysfunctional Families
56. Swearer, S., & Doll, B. (2001). Bullying in schools: An ecological framework. Journal of Emotional Abuse, 2(2&3), 7 – 23. https://doi.org/10.1300/J135v02n02_02
57. Трајановска, Ј., (2016), Социјализаторска функција на семејството – правни аспекти, Скопје
58. Трајков, И.,(2017), Психосоцијална интервенција во криза, Скопје
59. Трајковски, Д., Динева, С.М. (2005), Семејно право, Скопје

60. Carter, A. S., Briggs-Gowan, M., Ornstein Davis, N. (2004). Assessment of young children's social-emotional development and psychopathology: recent advances andrecommendations for practice. Journal of Child Psychology and Psychiatry
61. Zeynep B. Erdiller Akın (2013). Examining the Beliefs of Turkish Preservice Early Childhood Teachers Regarding Early Childhood Curriculum
62. William James (1890), The Principles of Psychology
63. http://www.cpu.org.ba/blog-bih/post/2019/socijalni-i-emocionalni-razvoj-ucenika-uobrazovnom-kontekstu/
64. http://iph.mk/wp-content/uploads/2014/09/Broshura-semejstvo.pdf
65. https://www.uvmk.gov.mk/files/zakoni/zakon%20za%20semejstvo.pdf
66. http //www: roditeliideca.com
67. http //www: obiteljskaterapija.hr
68. http //www: semejstvoiadolescent.com
69. http//www: semejstvo.net.com
70. www.mtsp.gov.mk, Закон за семејство - основен
71. https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/vrsnichko_nasilstvo